**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22.8.2018 година**

**Скопје, август 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 22.8.2018 година**

Седницата започна во 9:30 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Асаф Адеми, министер за култура, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Оливера Нечовска и Снежана Наџаковска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа и Миле Бошњаковски, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Осумдесет и третата седница на Владата, одржана на 14.8.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за Програмите на Унијата за 2017 година

- Статус на реализација на Рамковниот договор

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Барање за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје

2. Информација за Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година и Предлог-одлуки за давање согласност

3. Информација за имплементацијата и состојбата на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII фаза 1 делница Куманово - Бељаковце“

4. Информација за потреба од продолжување на Договор за надзор за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на коридор VIII фаза 1 делница Куманово - Бељаковце“

5. Информација за давање на согласност на новиот текст на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ

„Лисиче“ Велес кон ЈКП „Дервен“ Велес за регулиран период 2018-2020 година, со Предлог-одлука

6. Информација со предлог за донесување на одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2018 година и Предлог-одлука

7. Информација во однос на продолжување на изградбата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар кај потегот на Водно

8. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија

9. Предлог-одлука за продажба на движни ствари

10. Информација за објекти за спорт во Република Македонија

11. Информација за барање на согласност за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, со Предлог-одлука

12. Барање за расходување на движни ствари во државна сопственост дадени на користење на Јавната здравствена установа Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ - Скопје, со Предлог-одлука

13. Барање за расходување на движни ствари во државна сопственост, дадени на трајно користење на ЈЗУ Клиничка болница Штип, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

14. Информација за продажба на недвижни ствари во Кичево сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

15. Информација за потребата од склучување на Договор за грант меѓу Република Македонија и Соединетите Американски Држави - САД за развојната цел: „Република Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество“, со усогласен текст на Договор

16. Известување за обврски кои им претстојат на Министерството за транспорт и врски и на ЈП Македонски железници „Инфраструктура“, а се однесуваат на затварање на Оперативната програма - ОПРД 2007-2013

17. Информација во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2018 година, со ревидиран Стратешки маркетинг план за аеродромите во Скопје и Охрид, со прилози

18. Информација за постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Македонија, со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга

19. Информација за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр. 07/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение

20. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и правното лице Друштво за производство, трговија и услуги „Галвин“ ДОО Виница, ул. Димитар Влахов, бр. 90 Виница, со Предлог-одлука

21. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г3-сервиси и Г4-стоваришта КО Беровци, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

22. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица), КО Желино вон-г.р., Општина Желино, со Предлог-одлука

23. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија КО Оровник, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

24. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г3-сервиси КО Брвеница-вон г.р., Општина Брвеница, со Предлог-одлука

25. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Купишта“ с. Долно Лисиче, Општина Аеродром, со Предлог-одлука

26. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „с. Орчуше“ Општина Маврово - Ростуше, со Предлог-одлуки

27. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална

суровина - варовник на локалитетот „Четирце“ Општина Куманово, со Предлог-одлуки

28. Информација за состанокот на Вонредниот Мешовит комитет на ЦЕФТА во 2018 година

29. Извештај од Единаесеттата седница на Мешовитата комисија по Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија

30. Информација за недостаток на средства за имплементација на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија 2014-2020

31.Информација со Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на универзален снабдувач

**в) Политички систем**

32. Информација за реализација на подготвителни активности за отпочнување со работа на „Салата за јавни услуги“, именувана како „Една точка за услуги“

33. Информација за потпишување Договор меѓу Генералниот секретар на Обединетите Нации и Владата на Република Македонија: Обврска да се елиминира сексуалната експлоатација и злоупотреба, со текст на Договор

34. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договор меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, усогласен текст на Имплементациски Договор на договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила и Меморандум за разбирање за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци од регистрација на возила

35. Извештај за извршени преговори за усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за реципрочно признавање на возачки дозволи, со усогласен текст на Договор

36. Информација за наплата на побарувањата по основ на асистенција на Министерството за внатрешни работи кон Казнено поправна установа Идризово

37. Информација со статистички податоци за кривични предмети од областа Корупција за 2017 година

38. Информација за кодификација на сите кривични дела пропишани во посебни закони, во Кривичниот законик

### г) Човечки ресурси и одржлив развој

39. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство

40. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија

41. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година

42. Предлог-програма за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2018 година

43. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Греен лифе ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

44. Информација за потребата од донесување на Стандардна оперативна процедура за обезбедување на сеопфатен мултисекторски одговор во центрите за упатување на жртвите на сексуално насилство, со текст на Стандардна оперативна процедура

## Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) Економски систем и тековна економска политика

45. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал

46. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок на Друштвото за градежништво, услуги и трговија на големо и мало Цвет-компани ДООЕЛ експорт-импорт с. Батинци Студеничани на локалитетот „с.Варвара“, Општина Сопиште

47. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Микриман“ КО Суво Грло, Општина Штип

48. Предлог -одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - собирен кварц на локалитетот „с.Садоица“, Општина Чашка

49. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „с.Младо Нагоричане“, Општина Старо Нагоричане

50. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - кварцен песок на локалитетот „Петрова Слатина“, с.Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане

**б) Политички систем**

51. Предлог-одлука за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност (припадници на Војската на Црна Гора)

52. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „Унифил“, во Република Либан

53. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението Нуркачки центар „Амфора“ - Охрид

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Битола

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Прилеп

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено -поправната установа Казнено - поправен дом Штип

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено-поправен дом од отворен вид Струга

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Прилеп

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено -поправната установа Казнено - поправен дом Штип

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Идризово

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Струмица

67. Барање на Нико Нестор и Тања Нестор за прием во државјанство на Република Македонија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

68. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија

69. Предлог-одлука за спојување на јавните здравствени установи Здравствен дом Кавадарци и Општата болница Кавадарци во Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Кавадарци

70. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија - Скопје за промена на називот на установата

71. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

72. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, по скратена постапка, поднесен од пратениците Реџаил Исмаили и Татјана Прентовиќ

73. Барање за давање на автентично толкување на член 91 став 10 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013,

41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 67/2017 и 64/2018), поднесено од пратеникот Ристе Ташев

74. Барање за давање на автентично толкување на член 151 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), а во врска со член 31 став 1 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), поднесено од градоначалникот на Општина Делчево

75. Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (I фаза)

76. Статут на Универзитетот „Мајка Тереза“ Скопје

77. Статут на Универзитетот во Тетово

78. Статут на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

79. Иницијатива од адвокат Тони Цветковски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.76/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 40 и член 41 став 1 во делот на зборовите „од член 40“ од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 226/15 и 97/17)

80. Иницијатива за измена и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, доставена од Народниот правобранител на Република Македонија

81. Посебен извештај за попречување на работата од страна на Министерството за образование и наука доставен од Народниот правобранител на Република Македонија под НП бр.2643/17 од 29.6.2018 година

82. Информација во врска со поднесената претставка од страна на здруженија на возачи и инструктори, автошколи и учесници во сообраќајот АМС „АР-ДИ“ Скопје, со барање за измена на член 240, став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16 и 11/17)

83. Понуда од нотарката Вирѓинија Баута за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.852 за КО Враништа на КП бр.408, викано место Коритниче

84. Известување од извршител Златко Пејовски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба под И.бр.27/09

**В. ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ**

85. Кадровски прашања

86. Прашања и предлози

**Г. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

87. Информација за задолжување на Јавно сообраќајно претпријатие „Скопје“ - Скопје, со државна гаранција кон меѓународна кредитна институција за проектот -Набавка на КПГ автобуси

88. Барање за поддршка за потпишување на Меморандум за подготовка и реализација на проект - Повеќенаменски комплекс за јавни услуги со модел на јавно приватно партнерство

89. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија“

90. Информација за Акцискиот план за вработување млади лица, 2016 - 2020

91. Тримесечен извештај за работењето на ЈП „МЖ - Инфраструктура“, за периодот 1.4. - 30.6.2018 година, со табеларен приказ

92. Информација на АД за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката во врска со започнување на преговори со банките за рефинансирање на кредитите, со цел подобрување на ликвидноста на друштвото

93. Информација за измена и дополнување на Програмата за условите за спогодбено раскинување на Договорот за вработување за вработените од „Тутунски комбинат“ АД Прилеп бр.02-4/12-1 од 21.2.2018 година

94. Информација за можностите и трошоците (време/средства) за креирање на заедничка платформа/интерфејс (среден рок), преку која на едно место електронски ќе се врши регистрирање на фирма, регистрирање на ДДВ обврзник и пријавување на работници, притоа користејќи ги постојните софтверски системи на Централниот регистар на Република Македонија, Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување на Република Македонија

95. Информација за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија за прв квартал од 2018 година

96. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви април до 30-ти јуни 2018 година

97. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за период 1.1.2018 година до 30.6.2018 година

98. Информација за напредокот во реализацијата на мерките за подобрување на управувањето со енергетска ефикасност од Повелбата за одржливост

99. Информација во врска со извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите меѓународен аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид заклучно со јуни 2018 година на ТАВ Македонија и измените во пресметаната вредност на амортизација

100. Информација за прогрес на активностите за реализација на проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“ за период 2014-2018 година

101. Информација за одредување на статусот на штетници кај растенијата во согласност со меѓународните стандарди

102. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.4.2018 година до 30.6.2018 година, со Табеларен приказ

103. Информација за реализирани работни посети во домашни компании, со Табеларен преглед

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

104. Информација во врска со постапката за доделување финансиската поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници, со Предлог-програма и Предлог-уредба

105. Информација за склучување на Спогодба за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, со Табеларен преглед и текст на Спогодба

106. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

107. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

108. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Ткрање, Општина Кочани, со Предлог-одлука

109. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом ,,Томе Стефановски Сениќ“- Скопје

110. Предлог-програма за користење на средства за изградба на Спомен-обележје на Тодор Проески во Крушево за 2018 година

*

*         *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Осумдесет и третата седница на Владата, одржана на 14.8.2018 година.

*

*         *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Информација за Програмите на Унијата за 2017 година**

Владата не расправаше по Информацијата за програмите на Унијата за 2017 година.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

1. Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените во Министерството за финансии.

2. Владата не расправаше по Информацијата за состојбата со правичната застапеност на вработените и структура во Управата за финансиска полиција

3. Владата го задолжи Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор да подготви и до Владата да достави информација за статусот на постапките за распределба на вработените преку К5 Програмата во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во рок од седум дена.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје да подготви и до наредната седница на Владата до Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да достави ново Барање за позајмица од 200.000 литри Еуродизел БС гориво, со Предлог-одлука за издавање на краткорочна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати кои ќе бидат од Град Скопје (од позајмените/издадени 2.160.000 литри Еуродизел БС на Град Скопје, за потребите на ЈСП, што Градот треба да ги врати на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати).

Согласно тоа, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје, позајмените количини на нафтени деривати да ги врати на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

2. Новото Барање и Предлог-одлука да се разгледаат на наредната седница на Владата доколку Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје добие позитивно мислење од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година, со дополнување и Предлог-одлуки за давање согласност и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи ЈП за државни патишта за наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика да го достави преработениот Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година, кој што претходно ќе биде разгледан на Надзорен одбор и Управен одбор на ЈП за државни патишта и да ја достави Предлог-одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2017 година.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за имплементацијата и состојбата на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII фаза 1 делница Куманово - Бељаковце“, со дополнителни материјали и притоа ги донесе следниве најнови заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за имплементацијата и состојбата на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII фаза 1 делница Куманово - Бељаковце“.

2. Даде согласност на текстот на предложениот Адендум бр.1 на Договорот за градба со Изведувачот на работите H.F. Wiebe GmbH Ko.KG.

3. Се укажува на ЈП МЖ Инфраструктура - Скопје, пред потпишувањето на предложениот Адендум бр.1 на Договорот за градба со Изведувачот на работите H.F. Wiebe GmbH Ko.KG. да достави барање до Европската банка за обнова и развој за добивање на согласност за истиот.

## Точка 4

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потреба од продолжување на Договор за надзор за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на коридор VIII фаза 1 делница Куманово - Бељаковце“, го усвои и заклучи да му укаже на на Јавното претпријатие „Македонски железници Инфраструктура“ - Скопје да го потпише Адендумот бр.9 и за истиот да ја информира Банката за обнова и развој.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на новиот текст на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ „Лисиче“ Велес кон ЈКП „Дервен“ Велес за регулиран период 2018-2020 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението на ЈПВ „Лисиче” Велес кон ЈКП „Дервен” Велес за период од 2018-2020 година, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата со предлог за донесување на одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2018 година, со дополнување кон материјалот и Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во однос на продолжување на изградбата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар кај потегот на Водно и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави предлог-закон за прогласување на парк шумата Водно за заштитено подрачје.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави предлог-закон за прогласување на Матка за заштитено подрачје.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави предлог-закон за прогласување на парк шумата Гази Баба за заштитено подрачје.

4. Се препорачува на Град Скопје, во соработка со надлежните институции, во рок од 30 дена да изготви проект за зелени појаси на р.Лепенец и р.Серава.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да помогне на Град Скопје во реализација на проектите за зелени појаси на р.Лепенец и р.Серава и воедно истите да ги предвиди во своите програми.

6. Се задолжуваат сите министерства да ги дадат на располагање сите расположливи средства за пошумување.

7. Се препорачува на Град Скопје, преку ЈП Паркови и зеленило - Скопје, наменски да ги потрошат исплатените средства за сечење во парк шумата Водно, согласно проценката.

8. Се препорачува на Град Скопје, преку ЈП Паркови и зеленило - Скопје да донесе програма за рекултивација и пошумување согласно предлозите од граѓанските здруженија.

9. Се укажува на МЕР АД Скопје да продолжи со изградбата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар кај потегот на Водно согласно новите мерки и измени.

10. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави предлог за пренамена на типот на загревање на јавни установи од мазут во еколошки извори на загревање.

11. Се укажува на МЕР АД Скопје, Договорот за регулирање на односите за оштетени зелени површини (приложен кон Информацијата), наместо со ЈП Паркови и зеленило - Скопје да го склучи со Град Скопје како договорна страна.

## Точка 8

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за објекти за спорт во Република Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), во рок од седум дена до Агенцијата за млади и спорт да номинираат лица во работната група за подготовка на стратегија и акциски план за управување, користење и одржување на објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, а Агенцијата за катастар на недвижности да спроведе активности за поддршка на истата.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт, во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), во рок од 90 дена да подготви и до Владата да достави стратегија и акциски план за управување, користење и одржување на објектите за спорт во сопственост на Република Македонија.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за барање на согласност за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата го разгледа Барањето за расходување на движни ствари во државна сопственост дадени на користење на Јавната здравствена установа Специјална болница по гинекологија и акушерство Мајка Тереза - Скопје, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 13

Владата го разгледа Барањето за расходување на движни ствари во државна сопственост, дадени на трајно користење на ЈЗУ Клиничка болница Штип, со Предлог-одлука (најнов текст) и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Кичево сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Кичево, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант меѓу Република Македонија и Соединетите Американски Држави - САД за развојната цел: „Република Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество“, со усогласен текст на Договор и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот за грант меѓу Република Македонија и Соединетите Американски Држави - САД за развојната цел: „Република Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество“.
2. Се овластува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, да го потпише Договорот за грант меѓу Република Македонија и Соединетите Американски Држави - САД за развојната цел: „Република Македонија е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество“.

**Точка 16**

Владата го разгледа Известувањето за обврски кои им претстојат на Министерството за транспорт и врски и на ЈП Македонски железници „Инфраструктура“, а се однесуваат на затварање на Оперативната програма - ОПРД 2007-2013 и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП Македонски железници „Инфраструктура“, во рок од седум дена да ја информира Владата за моменталниот статус на проектот „Реконструкција со рехабилитација на железничката делница Битола - Кременица“ и да достави динамички план за реализација и план на активности и мерки за надминување на состојбата со цел ставање во употреба на проектот до крајот на 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со ЈП Македонски железници „Инфраструктура“, во рок од седум дена да ја информира Владата за моменталниот статус на проектот „Рехабилитација на железничката станица во Гевгелија“ и да достави динамички план за реализација и план на активности и мерки за надминување на состојбата со цел ставање во употреба на проектот до крајот на 2018 година.

3. Се укажува на ЈП Македонски железници „Инфраструктура“ во рок од седум дена да ја информира Владата за начинот на одржување на инфраструктурните проекти финансирани од ОПРД 2007-2013 и да достави план со мерки за подобрено функционирање и одржување на инфраструктурните проекти финансирани од ОПРД 2017-2013, со цел надминување на состојбата констатирана со наодите од страна на Ревизорското тело на програмата ОПРД 2007-2013.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за надворешни работи да изврши комуникација на меѓудржавно ниво со соодветните институции во Република Грција по однос на прашањето за функционалноста на делницата од пругата којашто се наоѓа на територијата на Република Грција и техничката можност за нејзино поврзување со ново рехабилитираната секција Битола - Кременица.

5. Се задолжува надзорниот орган на проектот „Реконструкција со рехабилитација на железничката делница Битола - Кременица" до Владата да достави Извештај.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2018 година, со ревидиран Стратешки маркетинг план за аеродромите во Скопје и Охрид и прилози и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со ревидираниот Стратешки маркетинг план на ТАВ Македонија за 2018 година.

2. Го одобри ревидираниот Стратешки маркетинг план за аеродромите во Скопје и Охрид на ТАВ Македонија за 2018 година.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на ревидираниот Стратешки маркетинг план за аеродромите во Скопје и Охрид за 2018 година.

## Точка 18

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Македонија, со Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Кичево, Скопје, Неготино, Кавадарци, Берово и Струга (нов текст), во предложениот текст

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за распишување на Јавен оглас бр. 07/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-одлука и Предлог-решение (најнов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст и

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и правното лице Друштво за производство, трговија и услуги „Галвин" ДОО Виница, ул. Димитар Влахов, бр. 90 Виница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г3-сервиси и Г4-стоваришта КО Беровци, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г3-сервиси и Г4-стоваришта КО Беровци, Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица), КО Желино вон-г.р., Општина Желино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (бензинска пумпна станица) КО Желино вон-г.р., Општина Желино, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија КО Оровник, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија КО Оровник, Општина Дебрца, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Г3-сервиси КО Брвеница-вон г.р., Општина Брвеница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на

објекти со основна класа на намена Г3-сервиси, КО Брвеница-вон г.р., Општина Брвеница, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Купишта“ с.Долно Лисиче, Општина Аеродром, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно плаирање и Општина Аеродром ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „с. Орчуше“ Општина Маврово - Ростуше, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Четирце“ Општина Куманово, со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања, во предложениот текст (имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Куманово).

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за состанокот на Вонредниот Мешовит комитет на ЦЕФТА во 2018 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија и Министерството за надворешни работи во рок од 30 дена да номинираат претставници за преговарачката група за механизмот на решавање на споровите во ЦЕФТА и тоа Министерството за економија член и заменик член, а Министерството за надворешни работи заменик член.

2. Се задолжува Министерството за економија по номинирањето на членовите на преговарачката група од Република Македонија, веднаш да го извести ЦЕФТА Секретаријатот, да се вклучи во постапката за отворање на преговорите за механизмот на решавање на споровите во ЦЕФТА штом се формира преговарачката група во рамки на ЦЕФТА, и да ја известува Владата за текот на преговорите после секоја преговарачка рунда.

3. Се задолжува Министерството за економија да учествува во имплементацијата на двете одлуки на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА и тоа Одлуката на заедничкиот комитет на

централно-европскиот договор за бесплатна трговија бр.1/2018 за функционирање на Секретаријатот и Одлуката на заедничкиот комитет на централно-европскиот договор за бесплатна трговија бр.2/2018 за формирање на Изборен Комитиет за избор на персонал во Секретаријатот освен Директор, како и на министерските заклучоци наведени во информацијата, и за тоа да ја информира Владата на секои шест месеци.

## Точка 29

Владата го разгледа Извештајот од Единаесеттата седница на Мешовитата комисија по Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за информатичко општество и администрација, а се укажува на АД ЕЛЕМ до 5 септември 2018 година до Министерството за економија да доставаат предлог-активности со временска рамка за нивно исполнување, за подготовка на Акциски план.

2. Се задолжува Министерството за економија да го подготви Акцискиот план со активности предложени од институциите наведени во заклучокот број 1 и до 10 септември 2018 година, преку Министерството за надворешни работи да го достави до Амбасадата на Република Македонија во Љубљана за натамошно постапување.

3. Се задолжува Министерството за економија, да подготви и најдоцна до 20.12.2018 година до Владата да достави Информација за текот на реализацијата на Акцискиот план.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за недостаток на средства за имплементација на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија 2014-2020 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии при следното буџетирање да обезбеди финансиски средства за Министерството за локална самоуправа со цел непречена реализација на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија 2014-2020.

2. Се задолжува ЈНУ Хидробиолошки институт - Охрид во рок од 30 дена до Владата да достави информација околу настанатата ситуација, согласно доставениот допис од Министерството за локална самоуправа.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на универзален снабдувач и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на универзален снабдувач, во предложениот текст.

2. Се задолжува Комисијата за спроведување на постапката за избор на универзален снабдувач да го достави Јавниот повик и Тендерската документација до Владата на Република Македонија на усвојување, најдоцна до 3 септември 2018 година.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на подготвителни активности за отпочнување со работа на „Салата за јавни услуги“, именувана како „Една точка за услуги“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со сите вклучени институции да започне активности и во рок не подолг од два месеци да определи шалтер за секоја институција, да се изврши конфигурирање на VPN конекцијата, со сите потребни активности, со цел да се овозможи непречено организирање на сите шалтери во Салата за јавни услуги.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, согласно даденото мислење со арх. бр.13.1.2-24677/2 од 2.5.2018 година, во своја надлежност да го преземе и во рок не подолг од два месеци да започне соодветни постапки со цел поврзување до Салата за јавни услуги преку оптички кабел од најблиската спојна точка на оптичката мрежа на Министерството за внатрешни работи, за потребите на својот шалтер во Салата за јавни услуги.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, во рок не подолг од 15 дена да назначи одговорно лице за организација на нивниот шалтер и да определат лица од редот на своите вработени кои би работеле на нивниот шалтер.

4. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, од редот на своите вработени во рок не подолг од 15 дена да назначат одговорно лице за организација на нивниот шалтер во Салата за јавни услуги и преку кое ќе биде остварувана и координацијата со Министерството за информатичко општество и администрација, да определат лица од редот на своите вработени кои би работеле на нивниот шалтер и да определат ИТ лица од нивната институцијата кои во соработка со ИТ лица од Министерството за информатичко општество и администрација и со стручните лица од испорачувачот на Огнениот Ѕид (Firewall) ќе ја конфигурираат VPN конекцијата.

5. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Централниот регистар на Република Македонија, во рок не подолг од 15 дена од редот на своите вработени да назначат одговорно лице за организација на нивниот шалтер во Салата за јавни услуги и преку кое ќе биде остварувана и координацијата со Министерството за информатичко општество и администрација, да определат лица од редот на своите вработени кои би работеле на нивниот шалтер и да определат ИТ лица од нивната институцијата кои во соработка со ИТ лица од Министерството за информатичко општество и администрација и со стручните лица од испорачувачот на Огнениот Ѕид (Firewall) ќе ја конфигурираат VPN конекцијата.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Договор меѓу Генералниот секретар на Обединетите нации и Владата на Република Македонија: Обврска да се елиминира сексуалната експлоатација и злоупотреба, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Договорот меѓу Генералниот секретар на Обединетите нации и Владата на Република Македонија: Обврска да се елиминира сексуалната експлоатација и злоупотреба.
2. Се задолжува министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише Договорот меѓу Генералниот секретар на Обединетите нации и Владата на Република Македонија: Обврска да се елиминира сексуалната експлоатација и злоупотреба.

## Точка 34

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договор меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, усогласен текст на Имплементациски Договор на договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила и Меморандум за разбирање за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци од регистрација на возила и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Ги прифати усогласените текстови на Договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила, Имплементацискиот договор на Договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила и Меморандумот за разбирање за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила.

2. Се определува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише Договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила.

3. Се овластува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, да ги потпише Имплементацискиот договор на Договорот меѓу страните на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила и Меморандумот за разбирање за автоматизирана размена на ДНК податоци, дактилоскопски податоци и податоци за регистрација на возила.

## Точка 35

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за реципрочно признавање на возачки дозволи, со усогласен текст на Договор и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за извршени преговори за усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за реципрочно признавање на возачки дозволи.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за реципрочно признавање на возачки дозволи.

3. Се определува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за реципрочно признавање на возачки дозволи.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за наплата на побарувањата по основ на асистенција на Министерството за внатрешни работи кон Казнено поправна установа Идризово, ја усвои и ја задолжи Казнено поправната установа Идризово да го намири вкупниот долг од 6.438.201,00 доспеан до 31.12.2017 година.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата со статистички податоци за кривични предмети од областа Корупција за 2017 година (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда, во рамки на Работната група за преглед и ажурирање на методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на анти-корупциската политика, да продолжи да презема активности за воспоставување и редовно користење на веб-апликацијата за Систем за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупцијата, а за преземените активности да ја извести Владата во декември 2018 година.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за кодификација на сите кривични дела пропишани во посебни закони, во Кривичниот законик, ја усвои Информацијата и заклучи да ги задолжи сите министерства кои во законите од нивна надлежност имаат пропишано кривични дела, во рок од 15 дена до Министерството за правда да достават листа на тие закони, како и извод од одредбите со кои се пропишани кривичните дела.

## Точка 39

Владата на предлог на предлагачот го повлече од Дневен ред Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство.

## Точка 40

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 41

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Греен лифе ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Греен лифе ДОО Скопје, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Стандардна оперативна процедура за обезбедување на сеопфатен мултисекторски одговор во центрите за упатување на жртвите на сексуално насилство, со текст на Стандардна оперативна процедура (нов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од донесување на Стандардна оперативна процедура за обезбедување на сеопфатен мултисекторски одговор во центрите за упатување на жртвите на сексуално насилство.

2. Ја прифати Стандардната оперативна процедура за обезбедување на сеопфатен мултисекторски одговор во центрите за упатување на жртвите на сексуално насилство.

3. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи и се препорачува на Основното јавно обвинителство да постапуваат согласно нивните надлежности дефинирани во Стандардната оперативна процедура за обезбедување на сеопфатен мултисекторски одговор во центрите за упатување на жртвите на сексуално насилство.

4. Се задолжува Министерството за здравство во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи и се препорачува на Основно јавно обвинителство секои две години да врши евалуација на примената на Стандардната

оперативна процедура со цел усогласување на истата со евентуални измени во законската и подзаконската регулатива.

5. Се задолжува Министерство за здравство најдоцна до крај на септември 2018 година да воспостави механизам за постапување на Стандардната оперативна процедура за обезбедување на сеопфатен мултисекторски одговор во центрите за упатување на жртвите на сексуално насилство со Основното јавно обвинителство на Република Македонија преку меморандум за соработка.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок на Друштвото за градежништво, услуги и трговија на големо и мало Цвет-компани ДООЕЛ експорт-импорт с. Батинци Студеничани на локалитетот „с.Варвара“, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Микриман“ КО Суво Грло, Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - собирен кварц на локалитетот „с.Садоица“, Општина Чашка, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „с. Младо Нагоричане“, Општина Старо Нагоричане, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - кварцен песок на локалитетот „Петрова Слатина“, с.Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради изведување на вежбовна активност (припадници на Војската на Црна Гора), во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за внатрешни работи-Гранична полиција и Министерството за финансии-Царинска управа да преземат мерки за непречен премин на припадниците на Војската на Црна Гора на државната граница на Република Македонија.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ“, во Република Либан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за одбрана да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии (во кое се укажува потребните средства за наредната фискална година да се обезбедат во рамките на максималните износи на одобрени средства).

**Точка 53**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“, во Исламската Република Авганистан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, со предлог да ја донесе.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата и министерка за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението Нуркачки центар „Амфора“ - Охрид (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Битола (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Прилеп (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом Штип, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа „Затвор Куманово“ со Отворено одделение во Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа „Казнено-поправен дом од отворен вид Струга“, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа „Казнено-поправен дом Идризово“, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа „Затвор Прилеп“, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа „Казнено - поправен дом Штип“, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа „Казнено-поправен дом Идризово“, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Струмица (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го разгледа Барањето на Нико Нестор и Тања Нестор за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за спојување на јавните здравствени установи Здравствен дом Кавадарци и Општата болница Кавадарци во Јавна здравствена установа „Општа болница со проширена дејност-Кавадарци“ (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија“ - Скопје за промена на називот на установата, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи по влегување во сила на Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија“ - Скопје за промена на називот на установата, Министерството за здравство да започне постапка за изменување на Статутот на Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат - максилофацијална хирургија“ - Скопје, како и на Уредбата за мрежата на здравствени установи.

**Точка 71**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, по

скратена постапка, поднесен од пратениците Реџаил Исмаили и Татјана Прентовиќ и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи, па врз основа на цитираната уставна одредба се цени дека предложениот закон е поднесен од овластени предлагачи.

Во однос на текстот на Предлог-законот, се укажува:

- по однос на член 2 од Предлог законот со кој се врши измена на член 12 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделство и руралниот развој и се додава нов став 4 кој гласи „Во случај кога директорот на Агенцијата е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција го заменува заменик на директорот со сите негови овластувања и одговорности во раководењето"“, се предлага после зборовите „заменик на директорот“ да се додадат зборовите „во рамките на довերените овластувања дадени од страна на директорот на Агенцијата“, додека зборовите „со сите негови овластувања и одговорности во раководењето“ да се бришат.

- членот 12 став 4 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделство и руралниот развој се предлага да гласи „Во случај кога директорот на Агенцијата е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција го заменува заменик на директорот во рамките на доверените овластувања дадени од страна на директорот на Агенцијата“.

По однос на фискалните импликации, Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделство и руралниот развој ќе предизвика дополнителни фискални импликации во делот со кој се уредува директорот на Агенцијата да има заменик и истите би изнесувале околу 75.000,00 денари на месечно ниво, односно околу 900.000,00 денари на годишно ниво.

Согласно ова, Владата на Република Македонија го подржува донесувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, по скратена постапка, поднесен од пратениците Реџаил Исмаили и Татјана Прентовиќ со горенаведените укажувања.

**<u>Точка 73</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 91 став 10 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 67/2017 и 64/2018), поднесено од пратеникот Ристе Ташев и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 91 од Законот за средното образование:

„ (1) Директорот е раководен орган на јавното средно училиште и одговорен за законитост во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

(2) За директор на јавно средно училиште се избира лице кое покрај општите услови утврдени со закон ги исполнува условите за наставник, педагог или психолог во средно училиште, има високо образование, пет години работно искуство во установа за воспитно-образовна работа верифицирана од Министерството и положен испит за директор, во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, да има соодветен сертификат, не постар од пет години, за познавање на англискиот јазик ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 20 бода или КЕТ (KET) (Cambridge English) - положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(3) По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.

(4) Доколку избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот 3 на овој член, му престанува мандатот на директор.

(5) Оспособување на кандидати за директори на јавните средни училишта и полагањето на испитот по успешно завршената обука го врши Државниот испитен центар, согласно со закон.

(6) Програмата за подготвување и полагање испит за директори и начинот на спроведувањето на испитот ги пропишува министерот на предлог на Државниот испитен центар.

(7) На кандидатот кој го положил испитот за директор му се издава уверение.

(8) Формата и содржината на уверението за положен испит за директор на јавно средно училиште ги пропишува министерот.

(9) Трошоците за подготовката на кандидатот за полагање на испит за директор и трошоците за полагање на испит за директор паѓаат на товар на кандидатот кој е должен да ги уплати на соодветна сметка на Државниот испитен центар.

(10) Мандатот на директорот на јавното средно училиште трае четири години со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште.

(11) Директорот на општинското средно училиште се избира и разрешува од градоначалникот на општината, согласно со овој закон.

(12) Директорот на средното училиште на Градот Скопје се избира и разрешува од градоначалникот на Градот Скопје, согласно со овој закон.

(13) Директорот на државното средно училиште се избира и разрешува од Училишниот одбор, по претходна согласност од Министерството, согласно со овој закон.

(14) На наставник, педагог или психолог кој е избран за директор на средно училишта му мирува работниот однос додека ги врши работите директор на средно училишта и има право во рок од 15 дена по престанувањето на мандатот, да се врати на работа во

училиштето каде работел пред да биде избран за директор за вршење на работи кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка“.

Согласно наведениот член од Законот за средното образование, а тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на воспитно - образовната дејност, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат условите под кои може да се изведува воспитно - образовната дејност во средното училиште, а во тие рамки да се утврдат и одредени критериуми кои треба да ги исполнува лицето за директор на средно училиште. Притоа, право е на законодавецот да ги утврди посебните критериуми за избор на директор на средно училиште, по пат на јавен оглас и под еднакви услови, со исполнување на општите и посебните услови предвидени за работното место директор на средно училиште, како и времетраењето на мандатот.

Одредбата од ставот (10) на членот 91 од Законот за средното образование го определува времетраењето на мандатот на директор на средно училиште на четири години, со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште. Истото ја исклучува можноста за повторен избор на директор на тоа средно училиште, доколку лицето било избрано за директор во два последователни мандати.

Со оглед дека Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 24/2013), со кој се менува ставот (10) на членот 91 започнал да се применува од 1 септември 2013 година, согласно член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Согласно наведеното, доколку за време на мандатот на директорот била отпочната примената на Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 24/2013), тој мандат на директорот се смета како прв мандат и постои можност за само уште еден мандат во истото средно училиште.

Имајќи предвид дека одредбата од член 91 став (10) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 67/2017 и 64/2018) е прецизна и јасна, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија дека нема потреба од давање на автентично толкување на член 91 став (10) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 67/2017 и 64/2018), поднесено од пратеникот Ристо Ташев.

## Точка 74

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 151 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13,

187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), а во врска со член 31 став 1 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), поднесено од градоначалникот на Општина Делчево и притоа го утврди следново мислење:

Членот 151 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), го уредува мирувањето на работниот однос на работник избран или именуван на државна или јавна функција.

Така, на работник кој е избран или именуван на државна или јавна функција, утврдена со закон, а чие вршење бара привремено да престане да работи кај работодавачот, му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата и има право, во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа кај работодавачот за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.

Се смета дека членот 151 од Законот за работните односи е јасен, прецизен и не може да доведе во забуна. Имено, точно е наведено на кого се однесува мирувањето на работниот однос, односно дека истиот се однесува на вработен кој е избран или именуван на државна или јавна функција, која притоа е утврдена со закон, а за да може работникот да ја извршува оваа функција, неминовно е неговиот работен однос за време на вршење на функцијата да мирува. Понатаму, истата одредба го утврдува рокот во кој, по престанокот на функцијата што ја вршел, работникот може да се врати на работа кај работодавачот, за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.

Со слична содржина е членот 31 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), кој исто така предвидува мирување на работниот однос на вработените коишто се избрани или именувани на јавна функција. Имено, на вработените во јавниот сектор кои се именувани на јавна функција утврдена со закон, кои се упатени на работа во странство во рамките на меѓународна, техничка, просветна, здравствена, културна, научна или друг вид на соработка, односно кои се упатени на работа во дипломатско или во конзуларно претставништво, им мируваат правата и должностите од работниот однос. Притоа, во ставот (2) од истиот член, се предвидува пократок рок, односно рок од 5 дена за враќање кај работодавачот кај кој на функционерот му мирувал работниот однос.

Согласно член 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) со истиот се уредуваат општите начела, класификацијата на работните места, евиденцијата, видовите на вработувања, општите права, должности и одговорности, мобилноста, како и други општи прашања за вработените во јавниот сектор.

Согласно член 3, ставови 1 и 2 од истиот закон, за вработените во јавниот сектор се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од посебните закони, прописите донесени врз основа на овој закон и посебните закони и со колективните договори. За прашањата кои не се уредени со овој закон, како и за прашања за кои овој закон не упатува на примена на посебен закон и на колективен договор, а се однесуваат на работниот однос на вработениот, се применуваат општите прописи за работните односи.

Член 14 од овој закон, работните места на вработените ги групира на следниов начин, и тоа:

група I - работни места на административни службеници, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи од административна природа,
група II - работни места на службени лица со посебни овластувања, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор од областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето заради извршување на посебни овластувања,
група III - работни места на даватели на јавни услуги, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради вршење на работи поврзани со дејностите од јавен интерес согласно со закон, кои не се од административна природа и
група IV - работни места на помошно-технички лица, односно лица кои засновале работен однос во институциите на јавниот сектор заради одржување, обезбедување, вршење на превоз, како и други помошни и технички работи со кои се обезбедува непречено функционирање на институциите.

Понатаму, Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) го уредува задолжителното основно образование што се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем.

Во член 79-в од истиот закон, се предвидува дека вработените во основните училишта кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста основно образование, имаат статус на административни службеници. За овие вработени се утврдуваат следниве нивоа на работни места:

- категорија В - стручни

- ниво В1 советник за нормативно правни работи (секретар) и

- категорија Г - помошно - стручни

- ниво Г1 самостоен референт (технички секретар кој врши благајнички и други слични работи, благајник кој врши и административни и слични работи) и

- ниво Г2 виш референт (благајник, технички секретар и други).

Понатаму, Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18) ги уредува статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. Притоа, во член 4 е дефинирано дека со овој закон се уредува статусот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници, а во ставот (5) дека за прашањата кои се однесуваат на работниот однос на административните службеници, а кои не се уредени со овој закон, со Законот за вработени во јавниот сектор или со посебните закони и со колективните договори, се применуваат општите прописи за работните односи.

Согласно претходно цитираните одредби, а имајќи ја предвид околноста дека Законот за основното образование и Законот за административни службеници не го уредуваат институтот „мирување на работниот однос”, во случајот со избраниот директор на Јавното комунално претпријатие во Делчево, кој претходно бил вработен во основно училиште на работно место секретар, односно бил вработен во јавниот сектор, се смета дека треба да се примени членот 31 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор.

Имајќи го предвид изнесеното и дека Барањето се однесува на автентично толкување на членот 151 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентичното толкување на членот 151, бидејќи во дадениот случај овој член не се применува.

**Точка 75**

Владата го разгледа Статут на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (I Фаза) и притоа го утврди следното мислење

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е Статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со Статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на Статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.
Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува Статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.
Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.
Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.
По однос на текстот на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следново:
Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе член 94 став 1 алинеја 1 од Законот за високото образование.
Во Статутот треба да се вградат одредби кои се однесуваат на академската заедница, односно кој ја сочинува истата. Ова, поради усогласување со член 5 став (1) од Законот за високото образование*, согласно кој академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно - научни, научни, наставни, наставно - стручни и соработнички звања и студентите.
Главата II. Автономија на универзитетот (членовите 20 - 29) од Статутот треба да се усогласи со членовите 7-14 од Законот за високото образование*, во поглед на опфатот, односно што се вклучува академската слобода, при што ќе треба да се формулираат

членови од аспект на тоа што се подразбира под академска слобода, автономија на управувањето, кадровска автономија и неприкосновеност на автономијата.
Член 25 од Статутот треба да се усогласи со член 12 став 2 од Законот за високото образование, според кој полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласност на ректорот, деканот, односно директорот или на лице овластено од нив да влегуваат во просторот на Универзитетот. Освен тоа, членовите 25 и 26 ќе треба да се прелоцираат по член 23 од Статутот.
Во член 27 од Статутот треба да се преоцени потребата посебно да се уредат забраната на политичко организирање и забраната за верско организирање, заради конкретно уредување на истакнувањето на верските обележја на високообразовните установи на верските заедници основани со Закон.
Член 29 од Статутот треба да се усогласи со член 14 од Законот за високото образование во однос на начинот на решавање на споровите.
Во член 32 став 3 од Статутот треба да се доуреди кој ќе ја цени можноста квотите, стипендиите и посебната поддршка да се третираат како афирмативни мерки.
Во член 37 ставот 2 треба да изостане со оглед дека истото претставува материја што треба да се уреди со Закон.
Во член 40 став 2 треба да се прецизира на кои одредби се однесува исклучокот.
Одредбите од членовите 44 и 45 да се усогласат со одредбите од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр.9/04, 113/07, 145/10, 80/12, 41/14, 21/18 и 83/18).
Членот 46 од Статутот треба да се усогласи со член 19 од Законот за високото образование. Освен тоа, во Главата VI. Дејност на Универзитетот и на единиците треба да се вградат одредби во кои ќе се уреди дејноста на единиците на универзитетот и на факултет, уметничка академија и висока стручна школа (доколку се составен дел на универзитетот), заради усогласување со член 20 и 21 од Законот за високото образование*.
Во член 62 ставот 1 треба да изостане бидејќи истото е уредено со член 61 став 1.
Со оглед дека во Статутот како внатрешни организациони единци може да се организираат меѓу другите и институти, центри, библиотеки и други треба да се преоцени потребата да се вградат одредби кои би се однесувале на надлежноста на директор.
Во член 103 ставот 3 од Статутот треба да се усогласи со член 93 став 7 од Законот за високото образование според кој ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на Сенатот.
Одредбите од ставот 5 од истиот член треба да изостанат со оглед дека истото не е предмет на уредување на Статутот, а воедно истото не е предвидено ни со Законот за високото образование.
Член 104 став 1 од Статутот треба да се усогласи со член 93 став 4 од Законот за високото образование, согласно кој членовите на Сенатот од единиците на универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор.
Членот 106 од Статутот треба да се усогласи со член 93, став (7) од Законот за високото образование. Согласно Законот за високото образование членови на Сенатот по положба се ректорот и проректорите. Ваквото решение во Статутот ги ограничува ректорот и проректорите да бидат членови на Сенатот без право на глас.
Во член 107 од Статутот треба да се прецизира рокот за одржување на конститутивната седница на Сенатот.
Во членот 112 став (2) по зборовите: „Сенатот донесува“ треба да се додадат зборовите „општи акти“.

Во член 113, став (4) треба да се прецизира кој ќе претседава со седница на Сенат која е свикана од ректорот.
Член 120 од Статутот треба да се усогласи со член 93 став 11 од Законот за високото образование.
Членот 122 став (3) од Статутот е во спротивност со член 115 од овој Статут и член 96 од Законот за високото образование. Со оглед на тоа потребно е целосно усогласување на ова одредба од Статутот со член 96 од Законот за високото образование.
Членот 124 од Статутот, во делот на термините каде се користат календарски месеци треба да се коригира, па така наместо со фиксен календарски период да се поврзе со временски период пред престанок на мандат (пример: шест месеци пред престанок на мандат). Ова од причини што, иако претпоставката е дека мандатот на ректорот почнува со почетокот на учебната година, поради различни околности овие циклуси може да се поместат.
Во член 126 од Статутот терминот „државна“ треба да се замени со терминот „јавна“, а ова заради усогласување со член 97 став 16 од Законот за високото образование. Ова укажување се однесува и на член 154 став 3 од Статутот.
Во член 127 од Статутот треба да се преоцени потребата да се вгради одредба која би се однесувала на набљудувачите на работата на универзитетската изборна комисија, заради усогласување со член 97 став (7) од Законот за високото образование*. Во ставот 6 првата реченица да се дополни со зборовите „освен ако наставно - научните, односно научните совети не одлучат да се избира со тајно гласање“ на што упатува член 110 став 6 од Законот за високото образование. Ставот 13 да изостане од причини што Сенатот не одлучува за избор на ректор.
Во членот 128 во ставот 2 по зборот „општите“ да се додаде зборот „и посебните“.
Членот 139 да изостане, од причини што претставува материја која не е уредена со Законот за високото образование и Законот не упатува истото да се уреди со Статут.
Членот 140 од Статутот да се усогласи со членот 100 од Законот за високото образование.
Членот 142 од Статутот да се усогласи со членот 100 ставовите 2, 3 и 4 од Законот за високото образование.
Во членот 152 став (1) од Статутот, алинеите 1, 2, 3, 4 и 5 да се усогласат со член 98 точка 10, како и член 101 став (3) од Законот за високото образование.
Членовите 141 и 142 од Статутот треба да се усогласат со членот 100 од Законот за високото образование*, во кој е утврдено во кој случај престанува мандатот на ректорот пред истек на периодот за кој е избран.
Во делот кој се однесува на „Ректорската управа“ (членови од 160 до 168) ќе треба да се вградат одредби за утврдување на надлежност на истата.
Член 171 од Статутот треба да се усогласи со член 104, став (2) од Законот за високото образование. Покрај тоа член 171 од Статутот е спротивен со член 170 од истиот Статут. Постапката за именување на членови на Универзитетски совет е уредена со членот 104 став (2) од Законот за високото образование.
Насловот над член 172 и членот 172 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 105 од Законот за високото образование*.
Во Статутот треба да се вградат одредби во однос на формирање одбор за соработка и доверба со јавноста, ова заради усогласување со член 122 од Законот за високото образование*.
Одредбите од член 219 став 1 од Статутот треба да се усогласат со член 152 став (1) од Законот за високото образование*.
Членовите 277 и 278 од Статутот треба да се усогласат со членовите 139 и 140 од Законот за високото образование*, во однос на содржината на студиските програми.

Во членот 279 од Статутот треба да се усогласи со член 142 став 2 од Законот, според кој содржината на студиските програми подетално се регулира со Правилник за содржината на студиските програми кој го донесува Националниот совет за високо образование.
Членот 280 од Статутот треба да се усогласи со член 140 од Законот, со оглед дека во Законот за високото образование не е предвидено единицата на универзитетот да донесува план за реализација на наставата, односно истата донесува студиска програма чија што содржина треба да биде во согласност со наведениот член од Законот.
Во член 281 од Статутот, ставот 2 треба да изостане, како материја која се уредува согласно Законот за високото образование.
Членот 284 ставот 11 од Статутот, треба да се допрецизира во смисла на тоа кои поблиски одредби се утврдуваат со општ акт на Универзитетот, односно единиците.
Одредбите од член 299 став 3 од Статутот треба да се дополнат во смисла дека и на другите високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик се врши избор во наставно-стручни звања: лектор и виш лектор, а не само на факултетот во областа на филолошките науки, ова согласно член 161 став (6) од Законот за високото образование*.
Членот 302 од Статутот треба да се дополни во смисла дека условите се утврдени со закон и овој статут, а заради усогласување со член 178 став 2 од Законот, при што Статутот да се дополни со услови за престанок на работниот однос пред истекот на времето за кое лицето е избрано во соодветно звање.
Во член 312 ставовите (2) и (3) се во спротивност со член 94 точка 16 од Законот за високо образование, според кој Сенатот на Универзитетот одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa), звањето почесен професор на универзитетот (profesor honoris causa) и звањето професор емеритус.
Во член 350 ставот 2 треба да се усогласи со член 149 став (2) од Законот за високото образование*, во однос на содржината на конкурсот.
Одредбата од член 400 став 1 од Статутот треба да се доуреди со оглед дека истата е нејасна.
Членовите од 413 до 422 од Статутот треба да се преоцени да изостанат како прашања кои се предмет на акт на Универзитетот, ова согласно член 32 став (5) од Законот за високото образование*.
Членот 422 став 5 од Статутот треба да се усогласи со член 34 став 1 од Законот за високото образование*, во однос на средствата за финансирање на студентското собрание.
Членовите 429 од Статутот треба да се дислоцира со оглед дека истиот не претставува преодна одредба.
Членовите 430, 431 и 432 од Статутот треба да изостанат со оглед дека не се предмет на уредување на истиот, дотолку повеќе што истите прашања на соодветен начин се веќе уредени во член 221 од Законот за високото образование.
Во Статутот (во преодните одредби) треба да се вградат одредби во однос на рокот за донесување на општите акти.
Освен наведеното, се укажува дека Статутот треба да биде потпишан од претседателот на универзитетскиот Сенат, а не од ректорот.
Освен наведените забелешки, исто така треба да се изврши и правно-техничко подобрување на текстот на Статутот.

## Точка 76

Владата го разгледа Статутот на Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје и притоа го утврди следново мислење:
Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е Статутот.

Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со Статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на Статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.
Согласно член 94 точка 1 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува Статут на Универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.
По текстот на Статутот на Универзитет „Мајка Тереза" Скопје, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следното:
Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.
Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидаат усогласени со Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дава овластување за дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.
Како законски основ за донесување на Статутот ќе треба да се наведе само член 94 точка 1 од Законот за високото образование*, кој претставува изречен законски основ за негово донесување.
Одредбите од член 4 став 1 и член 22 точка 13 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 5 став (1) од Законот за високото образование*, согласно кој академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно - научни, научни, наставни, наставно - стручни и соработнички звања и студентите.
Одредбите од член 5 точки 1 и 2 од Статутот ќе треба да се усогласат со членовите 8 и 10 од Законот за високото образование*.
Заради усогласување со член 7 став (5) од Законот за високото образование*, во кој е уредено што вклучува автономијата на високообразовните установи, содржината на членовите 7 и 8 од Статутот, со кои е уредена неповредливоста на универзитетскиот простор и неприкосновеност на автономијата, ќе треба соодветно да се вгради и во членот 5 од Статутот.
Исто така, насловот пред член 8 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 7 став (5) и член 13 од Законот за високото образование*.
Освен тоа, одредбите од член 8 точка 3 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 13 ставови (2) и (3) од Законот за високото образование*, според кој на високообразовните установи се забранува партиско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски обележја, односно се забранува верско организирање и дејствување, како и истакнување на верски обележја, освен на високообразовните установи на верските заедници основани со Закон.
Одредбите од член 11 од Статутот, ќе треба да се усогласат со одредбите од член 12 од Законот за високото образование*, во однос на тоа кој дава согласност за влегување во просториите на Универзитетот од страна на полицијата и други државни органи на безбедност.
Во член 13 од Статутот се укажува да се преоцени потребата посебно да се уредат забраната на политичко организирање и забраната за верско организирање, заради конкретно

уредување на истакнувањето на верските обележја на високообразовните установи на верските заедници основани со Закон.
Член 14 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 14 став (1) од Законот за високото образование*, во смисла да се доуреди помеѓу кои субјекти се споровите и да се дополни со нов став 6 во смисла да се наведе дека доколку спорот од ставот (1) на овој член не може да се реши на некој од начините предвидени во ставот (1) на овој член, спорот се решава по судски пат (член 14 став (3) од Законот за високото образование*).
Во член 15 став (3) од Статутот, по зборовите: „на ректорот" ќе треба да се додадат зборовите: „или друг орган на универзитетот".
Одредбите од членовите 19, 20 и 21 од Статутот ќе треба да се усогласат со одредбите од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија" бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12, 41/14, 21/18 и 83/18).
Освен тоа, во член 21 од Статутот ќе треба да се наведе кој ќе го донесе посебниот акт со кој се утврдува деловната, односно државната тајна, како и согласно кој Закон.
Главата „Студенти" од Статутот ќе треба да се дополни со одредби за посебни погодности на категориите на студенти од член 27 став (4) од Законот за високото образование*, согласно кој истите се предмет на уредување на Статутот.
Во член 25 од Статутот ќе треба да изостане зборот „статус", со оглед дека статусот на студент е утврден во член 32 од Статутот.
Одредбите од член 27 од Статутот би требало да изостанат со оглед дека прашањата кои се предмет на уредување во истиот се предмет на уредување на општ акт на Универзитетот, односно општ акт на единицата на Универзитетот, а ова согласно член 28 од Законот за високото образование*.
Одредбите од член 28 став 1 точки 2 и ставот 2 (кој треба да биде точка 5) од Статутот ќе треба да се усогласат со одредбите од член 29 став (2) алинеи 2 и 5 од Законот за високото образование*.
Освен тоа, одредбите од ставот 3 на истиот член ќе треба да се усогласат со член 29 став (2) од Законот за високото образование*.
Во член 32 став 1 од Статутот ќе треба да изостане наведувањето на Институтот, со оглед дека согласно член 123 од Статутот, во составот на Универзитетот „Мајка Тереза" истиот не е предвиден.
Одредбата од член 38 став 1 од Статутот ќе треба да се доуреди со оглед дека истата е нејасна.
Во член 42 од Статутот ќе треба да се доуреди кој може да поднесе барање за поведување на дисциплинска постапка.
Членовите 48 и 49 од Статутот ќе треба меѓусебно да се усогласат во однос на тоа кој правен лек може да се поднесе против одлуката на дисциплинската комисија.
Членовите 54, 55, 56 и 57 од Статутот ќе треба да се преоцени да изостанат како прашања кои се предмет на акт на Универзитетот, ова согласно член 32 став (5) од Законот за високото образование*, а членот 58 од Статутот ќе треба да изостане како прашање кое е предмет на уредување на Законот за високото образование*.
Членот 71 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 34 и член 37 став (8) од Законот за високото образование*.
Членот 73 од Статутот ќе треба да се дополни кои овластувања ги имаат единиците на Универзитетот особено во делот на финансирањето на дејностите од заеднички интерес на Универзитетот, кои прашања треба да бидат предмет на уредување на Статутот.

Со оглед дека во член 60 став (1) од Законот за високото образование* е утврдено кој може да основа приватно - јавна непрофитна високообразовна установа, се укажува дека истиот не препознава јавно - приватна непрофитна високообразовна установа, поради што ставот 2 на член 102 од Статутот ќе треба да изостане. Ова и ако се имаат предвид одредбите кои високообразовни установи можат да бидат во состав на Универзитетот.
Во член 101 став 2 од Статутот, ќе треба да се наведе каква одлука ќе треба да донесе Сенатот по предлог на Ректорската управа.
Во член 85 став (6) од Законот за високото образование* е утврдено дека заради вршење на својата дејност Универзитетот може да склучува договори со универзитетски клиники и други установи кога е тоа потребно за вршење на високообразовната дејност или со други установи и трговски друштва чија дејност е од значење за вршење на дејноста на Универзитетот и за вршење на врвна применувачка дејност, а согласно член 94 точка 5 од истиот Закон, Сенатот на Универзитетот одлучува за основање и престанок на внатрешни организациони единици, организации и трговски друштва.
Имајќи ги предвид посочените законски одредби, се укажува дека членовите 105 и 106 од Статутот ќе треба да се усогласат со истите.
Во член 113 став 1 и член 115 став 3 од Статутот, зборовите „библиотечна граѓа“ ќе треба да се заменат со зборовите „библиотечен материјал“, ова заради усогласување со Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16).
Во член 120 став 2 и член 122 став 3 од Статутот, ќе треба да се наведе кои се другите услови кои е потребно да бидат обезбедени или каде истите се утврдени.
Во член 139 од Статутот, ставот 2 ќе треба соодветно да се вгради во воведната реченица на ставот 1, додека ставот 3 ќе треба да се усогласи со член 93 став (7) од Законот за високото образование*, во смисла дека ректорот и проректорите се без право да бидат избрани за претседатели на сенатот.
Одлучувањето на членовите на Сенатот како што е уредено во член 140 од Статутот да се усогласи со член 95 став 1 од Законот за високото образование.
Одредбите од ставот 1 на член 141 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 93 став (4) од Законот за високото образование*, согласно кој членовите на Сенатот од единиците на Универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор.
Ставот 1 на членот 142 да изостане, од причини што Законот за високото образование не дава можност за вршење на замена на член на Универзитетскиот сенат, туку само престанок на мандат.
Одредбите од ставот 1 на член 143 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 93 став (3) од Законот за високото образование*, согласно кој за член на Сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на Универзитетот.
Во член 145 Статутот ќе треба да се прецизира рокот за одржување на конститутивната седница на Сенатот.
Член 148 од Статутот да се усогласи со член 95 став 1 од Законот за високото образование.
Членот 150 став (1) од Статутот ќе треба во целост да се усогласи со член 96 од Законот за високото образование. Имено, спротивно на член 150 став 1, во Законот за високото образование, член 96 став 2 претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот, без притоа да биде обврзан со предлагање на дневен ред од Ректорската управа.

Во членот 154 став (2) по зборовите: „Сенатот донесува“ ќе треба да се додадат и зборовите „општи акти“.
Членот 162 и член 166 од Статутот треба да се корегира во насока почетокот на постапката на Ректор, односно времето на избор на комисија, наместо со фиксен календарски период да се поврзе со шест месеци пред престанок на мандат. Ова од причини што, иако претпоставката е дека мандатот на ректорот почнува со почетокот на учебната година, поради различни околности овие циклуси може да се поместат.
Во членот 163 во ставот 2 да изостанат алинеите 2 и 4, со оглед што условите за избор во Ректор се утврдени во Законот за високото образование.
Во член 164 од Статутот ќе треба да се доуреди за што се формира Универзитетската изборна комисија, како и да се преоцени потребата да се вгради одредба која би се однесувала на набљудувачите на работата на Универзитетската изборна комисија, заради усогласување со член 97 став (7) од Законот за високото образование*.
Во членот 134 да се преоценат ставовите 2 и 3 од Статутот, од причини што правата и обврските на вработени кои се на боледување подолго од шест месеци или на породилно отсуство, односно на платено отсуство, ги имаат сите права и обврски (согласно Законот за работните односи) како и останатите лица кои се во работен однос. Ова право може да се ограничи само со Закон, не и со Статут.
Членот 177 од Статутот да изостане, од причини што претставува материја која не е уредена со Законот за високото образование и Законот не упатува истото да се уреди со Статут.
Членот 178 од Статутот треба да се уреди во смисла, лицето избрано како вршител на должност Ректор да е од редот на редовните професори. Исто така, членот 180 од Статутот да се усогласи со членот 100 ставовите 2, 3 и 4 од Законот за високото образование, односно кога се назначува вршител на должноста ректор.
Членот 181 од Статутот, по однос на разрешување на ректор ќе треба во целост да се усогласи со член 99 и член 100 од Законот за високото образование.
Согласно членот 92 став 2 од Законот за високото образование, Универзитетскиот совет се формира како тело на Универзитетот. Надлежностите кои се од надзорен карактер се содржани во членот 105 од Законот. Согласно членот 105 став 2 од Законот, Универзитетскиот совет не може да има надлежност со која се повредува автономијата на Универзитетот. Во членот 9 ставот 1 точка 4, автономијата во управувањето се изразува во изборот, именувањето и отповикувањето на органите согласно со законот, статутот и другите општи акти. Предвидувањето на одлучувачка надлежност на надзорно тело, за одлуки на органите на Универзитетот е во спротивност со член 9 став 1 точка 4 од Законот за високото образование. Со оглед на тоа, неопходно е отстранување на одлучувачките надлежности на Советот од целиот текст на Статутот. Со одредбата од членот 182 се создава квази-орган чија цел би водела единствено кон заштита на Ректорот. Оттука, се предлага постапката за разрешување и по овој основ да се изедначи со постапката за разрешување за неприфаќање на извештајот.
Членот 183 од Статутот ќе треба да се доуреди согласно член 100 став (2) од Законот за високото образование*.
Во став (1) од членот 190 од Статутот е во спротивност со член 101 од Законот за високото образование, согласно кој Ректорот се грижи за законитоста и статутарноста на работата на универзитетот и на единиците во неговиот состав и има право и должност да запре од извршување, односно да укине акт на нивните органи, за кој смета дека не е во согласност со закон, статут, општ акт или одлука на универзитетот. Единицата на Универзитетот чиј акт е укинат, може да поднесе жалба до Сенатот. Одлуката на Сенатот е конечна. Во

согласност со Статутот на Универзитетот ректорот може за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на Универзитетот да суспендира декан или директор на единица на универзитет и да постави времен вршител на должност декан односно директор на единица на Универзитет. Сенатот во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од суспендирањето на деканот или директорот на единицата, одлучува за суспензијата на деканот односно директорот на единицата на универзитетот од ставот (3) на овој член. Доколку Сенатот ја потврди суспензијата, на деканот односно директорот му престанува мандатот со денот на потврдувањето на одлуката за суспензија. Со оглед на горенаведеното, овој член од Статутот ќе треба во целост да се преформулира, односно да се уреди согласно горенаведенот член од Законот за високото образование.

Во членот 191 во став 1 точката 2 треба да изостане, поради тоа што согласно член 114 став 5 од Законот за високото образование, деканот поднесува извештај до Наставно научниот совет и до ректорот. Наставно научниот совет го усвојува Извештајот. Со оваа статутарна одредба се предвидува дополнителна надлежност, со која Извештајот се прифаќа и од Ректорот што е проширување на надлежностите на Ректорот. Потребно е да се избрише одредбата за прифаќање на извештајот од ректорот и да се усогласи со надлежностите од членот 101 став 3 и 4 од Законот за високото образование. Дополнително, членот 101 од Законот за високото образование не дава овластување со Статут да се предвиди дополнителна основа за суспендирање на декан, со оглед на тоа се укажува дека со Статут не може да се изврши проширување на надлежностите на Ректорот.

Одредбата од член 202 од Статутот е во спротивеност со Законот за високото образование и истиот треба да изостане. Имено оваа одредба од Статутот делегира овластувања на Ректорската управа кои што согласно со Законот за високото образование се надлежности на Универзитетскиот сенат и на Наставно научните совети на факултетите (член 173 и член 110 од Законот за високото образование).

Членот 227 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 104 ставови (3), (4) и (5) од Законот за високото образование*, по однос на времетраењето на мандатот на членовите на Универзитетскиот совет и по однос на тоа од редот на кои членови се избира неговиот претседател, како и да се доуреди кој може да биде член на универзитетскиот совет.

Ставот 2 на членот 235 од Статутот да се усогласи со член 110 став 5 од Законот за високото образование.

Во член 240 став 2 од Статутот ќе треба да се определи рок за донесување на одлуката за започнување на постапката за избор на декан, ова заради усогласување со член 115 став (4) од Законот за високото образование*.

Одредбите од член 244 од Статутот ќе треба да се дополнат согласно член 116 став (2) од Законот за високото образование*, во однос на времетраењето на мандатот на деканот кое треба да биде определено со предметниот Статут. Член 244 од Статутот е во спротивност со член 114 став (5) од Законот за високото образование. Согласно со Законот доколку наставно-научниот совет не го прифати Извештајот за работата на деканот, се смета дека деканот е разрешен и се известува Ректорот да именува вршител на должноста декан. Истиот ден кога наставно-научниот совет нема да го прифати Извештајот за работа на деканот отпочнува постапка за избор на нов декан.

Во член 250 став 1 од Статутот ќе треба да се доуреди за кои работи се формира Одборот за соработка и доверба со јавноста, ова заради усогласување со член 122 од Законот за високото образование*.

Во член 253 зборовите „архивска граѓа“ ќе треба да се заменат со зборовите „архивски материјал“, ова заради усогласување со Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 41/14, 72/15, 148/15, 169/15, 53/16 и 11/18).

Член 259 став (1) точка 4 треба да се изостане со оглед на тоа што истата е во спротивност со член 123 став (5) од Законот за високото образование.

Во член 282 став 9 од Статутот ќе треба да се прецизира за што се однесуваат поблиските одредби кои ќе се уредуваат со општ акт на Универзитетот, односно единиците на Универзитетот.

Членот 283 да изостане, од причини што Законот за високо образование не уредува далечинско учење.

Одредбите од член 288 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 148 став (1) од Законот за високото образование*.

Заради усогласување со член 149 став (5) од Законот за високото образование 289 од Статутот, наместо со Закон, начинот на објавување на конкурсот за запишување на студентите ќе треба да биде уреден со предметниот Статут.

Член 291 од Статутот да се усогласи со член 103 став (1), точка (7) од Законот за високото образование.

Членовите 296 и 297 да се усогласат со член 155 став (8) и (9) од Законот за високото образование во делот на издавањето на диплома, додатокот на диплома и другите јавни исправи во смисла на Законот за високото образование за припадниците на заедницата која зборува службен јазик различен од македонскиот јазик, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, а кои наставата ја следат на службен јазик различен од македонскиот јазик.

Во член 301 од Статутот ќе треба да се доуреди во смисла кој ги донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии.

Член 322 став 7 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 175 став (6) од Законот за високото образование*, согласно кој асистент се избира за време од три години, со право на уште еден избор во истото звање на иста високообразовна установа.

Член 324 став (4) од Статутот е во спротивност со член 110 став (1) точка 8 од Законот за високото образование каде е предвидено дека се работи за надлежност на Наставно-научниот совет. Член 324 став (4) од Статутот ќе треба да се усогласи со член 110 став (1) точка 8 од Законот за високото образование*, согласно кој Наставно - научниот совет на факулетот врши избор, меѓудругото, и на демонстратори.

Во член 327 од Статутот ќе треба да се прецизира на што се однесува натамошната постапка за која се упатува на примената на одредбите од Законот за високото образование*.

Член 333 став 2 и член 336 став 2 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 216 став 1 од Статутот во однос на називот на комисиите кои ги формира Ректорската управа.

Во член 343 став 2 од Статутот ќе треба да се утврдат условите за користење на правата на платено, односно неплатено отсуство, кои прашања согласно член 186 став (3) од Законот за високото образование* се предмет на уредување на предметниот Статут.

Член 345 став (1) од Статутот е во спротивност со член 187 став (2) од Законот за високото образование.

Членовите од 346 до 356 од Статутот ќе треба меѓусебно да се усогласат во однос на називот на комисиите, односно поткомисиите за самоевалуација на Универзитетот, односно на единиците на Универзитетот.

Член 359 од Статутот ќе треба да се дислоцира со оглед дека истиот не претставува преодна одредба.

Член 362 став 2 од Статутот ќе треба да изостанат со оглед дека не се предмет на уредување на истиот, дотолку повеќе што истите прашања на соодветен начин се веќе уредени во член 221 од Законот за високото образование*.
Во одделни членови од Статутот (како на пример: членови 66 став 1, 244 став 2 и др.), ќе треба да се изврши точно повикување на одредбите од истиот.
Во Статутот ќе треба да се вгради и завршна одредба во смисла дека овој статут влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски гласник“ на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Собранието на Република Македонија.
Владата на Република Македонија укажува дека Статут треба да биде потпишан од претседателот на Универзитетскиот сенат, а не од ректорот на Универзитетот.
Текстот на Статутот да се подобри од јазичен и номотехнички аспект.
По усвојувањето на дадените забелешки да се изврши соодветна пренумерација на членовите на Статутот.

## Точка 77

Владата го разгледа Статутот на Универзитетот во Тетово и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е Статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со Статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на Статутот на јавниот Универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува Статут на Универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со Статут на Универзитетот.

По однос на текстот на Статутот на Универзитетот во Тетово, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следното:

1.Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе само член 94 став 1 алинеја 1 од Законот за високото образование, кој претставува изречен законски основ за негово донесување.

2.Одредбите од член 5 став 1, член 6 став 1 точка 1, член 8 став 1 точка 12, член 45 став 2 точка 6, член 279 став 1, член 280 ставови 1 и 2, член 289, член 290 ставови 1 и 2, член 296

ставови 1 и 2, и други од Статутот ќе треба да се усогласат со член 5 став (1) од Законот за високото образование*, согласно кој академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно - научни, научни, наставни, наставно - стручни и соработнички звања и студентите.

3.Во членот 6 во ставот 2 од Статутот треба да се дополни со зборовите „Закон за вработените во јавниот сектор“.

4.Член 13 став 3 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 12 став 2 и член 16 став 2 од Законот за високото образование*, во однос на тоа кој дава согласност за да може полицијата или другите државни органи да влезат во академскиот простор.

5.Член 14 став 3 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 13 став 3 од Законот за високото образование*, согласно кој на високообразовните установи се забранува верско организирање и дејствување, како и истакнување на верски обележја, освен на високообразовните установи на верските заедници основани со Закон.

6.Одредбите од член 6 ставови 2 и 3, член 18 став 7, член 19 став 4, член 20 ставови 1 и 2, член 21 ставови 2, 3, 4 и 5, член 45 став 3, член 59 став 2, член 78 ставови 2 и 3, Делот VIII.2. со членовите 79 и 80, член 100 став 8, член 119, член 121 став 3, член 245 ставови 3 и 4, член 246 ставови 2 и 3, член 47 ставови 11 и 12, член 251 став 2, член 265 став 9, член 268 став 5 зборовите „со закон“, член 269 став 1 втората реченица, член 279 став 7, член 282 став 7 зборовите „за што не се бара согласност од Министерството за финансии“, член 283 ставови 2 и 3, член 285 став 5, член 287 став 3, член 290 став 4, член 314 став 8, член 333 став 3, член 334 став 2, член 336 ставови 2 и 3, член 337 став 1, член 345, член 346 став 2, член 362 став 1 зборовите „и во рамките на Ректорската конференција на државните универзитети“, од Статутот ќе треба да изостанат со оглед дека не се предмет на уредување на истиот.

7.Во член 24 во ставот 1 и во членот 25 во ставовите 1 и 7 од Статутот по зборот „закон“ да се додадат зборовите „овој статут,“.

8.Иако е уредено во членовите 29, 30 и 31 е уредено дека составен дел на Статутот се ликовно-графичкиот приказ на грбот, на знамето, химната на универзитетот, истите не се дадени во прилог на Статутот.

9.Во членот 37 во ставот 2 да се дополни дека Етичкиот кодекс на Универзитетот се објавува на веб страната на Универзитетот, што е согласно член 21 став 4 од Законот за високото образование.

10.Член 38 став 1 и член 39 од Статутот во делот „симболизираат писменоста и историјата на албанскиот народ“, ќе треба да се усогласат со Уставот на Република Македонија со делот од Преамбулата „Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кои се дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и другите“.

11.Во член 40 од Статутот ќе треба да се преоцени задржувањето на зборовите „и генералниот секретар на Универзитетот“.

12.Во член 43 став 2 од Статутот ќе треба да изостанат зборовите „и е неработен ден", имајќи предвид дека согласно став 3 на истиот член, на патрониот ден на Универзитетот не се изведува настава.

13.Членот 45 од Статутот да се усогласи со членот 19 од Законот за високото образование. Интегрираните дејности, обврските и надлежностите на Универзитетот да се утврдат со овој статут.

14.Во членот 48 во ставот 3 во алинејата 11 да се избришат зборовите „и овој Статут" и да се набројат што врши единицата на Универзитетот, во рамките на својата дејност.

15.Во член 50 во ставот 1 точката 5 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 1 алинеја 8 од Законот за основање на Универзитет во Тетово, по однос на точниот назив на Факултетот за бизнис администрација со седиште во Куманово.

16.Членот 51 од Статутот уредува дека Универзитетот во својот состав може да има и почесни членки, но истото не е уредено во Законот за високото образование

17.Во член 54 од Статутот ќе треба да се утврди кој ќе го донесе подзаконскиот акт, а наместо надлежноста, во истиот би требало да се уреди делокругот на работа на организационите единици

18.Во член 56 став 2 точка 6 и член 58 став 4 алинеја 6 од Статутот ќе треба да се прецизираат другите услови или да се упати на соодветни одредби од Статутот каде истите се утврдени.

19.Во членот 57 во ставот 2 треба со овој статут да се регулираат сите прашања наведени во ставот 2 на членот 57 од Статутот или истите да се уредат само со статутите на внатрешните организациски единици.

20.Членот 59 од Статутот да се усогласи со членот 76 од Законот за високото образование.

21.Членот 60 од Статутот да се усогласи со членот 80 од Законот за високото образование.

22.Во член 61 став 1 од Статутот по зборовите „други установи" ќе треба да се наведе „и организации", имајќи ја во предвид одредбата од став 2 на истиот член, како и наместо зборот „поврзување" да стои зборот „поврзана". Членот 61 од Статутот да се дополни со обврските на придружните членки, согласно член 15 став 14 од Законот за високото образование.

23.Во член 62 до Статутот, првата реченица на ставот 2 и втората реченица на ставот 4 ќе треба да се дополнат во смисла на наведување на одредбите на кои се врши повикувањето.

24.Членовите од Главата VII од Статутот да се дополнат со услови за организирање на институт, центар, завод, катедра, оддел и други внатрешни организациони единици, согласно член 85 став 3 од Законот за високото образование.

25.Членот 78 ставот 2 да се усогласат со членот 89 став 4 од Законот за високото образование.

26.Член 82 став 2 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 93 став 2 од Законот за високото образование*, според кој член на Универзитетскиот сенат може да биде лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно или наставно звање и редовен студент на Универзитетот во моментот на изборот. Ставот 4 на член 82 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 93 став 4 од Законот за високото образование*, според кој членовите на Универзитетскиот сенат од единиците на Универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од три години, со право на уште еден избор. Ставот 5 на членот 82 од Статутот да се усогласи ставот 9 на членот 93 од Законот за високото образование. Ставовите 6 и 7 на членот 82 од Статутот да се усогласат со ставовите 6 и 7 на членот 93 од Законот за високото образование. Во ставот 8 да се дополни согласно став 8 на членот 93 од Законот за високото обраование кој уредува дека членовите на Сенатот избрани од придружните членки на универзитетот учествуваат во работата и одлучувањето на сенатот за прашањата определени со Статутот на Универзитетот.

27.Членот 83 од Статутот да изостане од причини што во ставот 10 на членот 93 од Законот за високото образование со Статут се уредува само бројот на членовите на Сенатот, постапката за нивниот избор, основите и постапката за нивно разрешување, како и свикувањето и водењето на седниците на Сенатот, се уредуваат со Статутот на Универзитетот во согласност со овој закон, а не и замена на член на Сенатот. Во членовите од Статутот за Универзитетскиот сенат нема одредби за разрешување на членовите и истите треба да се пропишат во Статутот.

28.Во член 97 став 3 од Статутот ќе треба да се утврди кој го донесува актот. Освен тоа, во став 3 на посочениот член се упатува на Комисијата од став 1 во кој се наведени само тела кои може да ги формира Сенатот, а не и комисии.

29.Во член 99 во ставот 1 да изостанат зборовите „и овој Статут“.

30.Одредбата од член 101 став 1 од Статутот ќе треба да изостане со оглед дека е во спротивност со член 96 став 1 од Законот за високото образование*, а истото прашање е веќе уредено со член 100 став 1 од Статутот.Во членот 101 ставот 6 да изостане, од причини што со деловник за работа на Сенатот не може да се уредат поблиски прописи за избор на претседател на Сенатот, туку истото треба да се уреди со Статутот.

31.Член 103 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 97 став 5 од Законот за високото образование Во членот 103 ставот 6 да изостане од причини што должноста вршител на ректор е само во случаите утврдени во член 100 од Законот за високото образование.

32.Во членот 104 во ставот 2 точката 1 и ставот 3 да се избришат бидејќи во Законот за високото образование (членот 97 став 6) е уредена оваа материја и Законот не упатува истата да се доуреди со Статут. Став 2 да се усогласи со членот 97 став 6 од Законот за високото образование каде таксативно се наброени надлежностите на Универзитетската изборна комисија.

33.Во член 105 ставот 2 да се дополни со зборовие „освен ако наставно - научните, односно научните совети не одлучат да се избира со тајно гласање“ на што упатува член 110 став 6 од Законот за високото образование. Во ставот 4 ќе треба да се прецизира кој го донесува актот. Ова соодветно се однесува и на член 256 став 2, член 257 став 6, член 260 став 6,

член 273 (278), член 275, член 279 став 6, член 282 став 5, член 284 став 3, член 285 став 4, член 288 став 4, член 297, член 302 став 2, член 335, од Статутот.

34.Членот 106 да изостане од причини што во Законот за високото образование се наведени условите и критериумите за избор на ректор. Со Статуот на Универзитетот се уредува само постапката за избор на рекот на Универзитет (член 97 став 13 од Законот за високото образование)

35.Во членот 107 став 1 да изостане, бидејќи Законот за високото образование не упатува на истото, а ставот 2 да гласи „Огласот за избор на ректор се објавува јавно.“, а зборовите „на веб-страницата на Универзитетот“ да изостанат, од причини што тоа не гарантира јавност за сите заинтересирани кандидати кои сакаат да конкурираат на јавниот оглас.

36.Во член 109 во ставот 9 зборот „гласови“ да се замени со зборот „поени“ како што е уредено во член 97 став 12 од Законот за високото образование. Истата забелешка се однесува и на ставот 10.

37.Членот 110 да изостане, од причини што претставува материја која не е уредена со Законот за високото образование и Законот не упатува истото да се уреди со Статут.

38.Во членот 111 да се додаде нов став 6, кој гласи: „Против одлуката од став 5 на овој член може да се поднесе тужба до Управниот суд.“

39.Членот 112 да изостане, од причини што само со Закон може да се ограничи ова право.

40.Членот 114 и членот 116 да изостанат од причини што предвремениот престанок на мандат на ректор е уреден со членот 113 од Статутот.

41.Членот 124 да се усогласи со членот 101 од Законот за високото образование.

42.Во членот 137 ставот 3 да изостане од причини што во членот 102 став 1 од Законот за високото образование е регулирано кој ја сочинува ректорската управа.

43.Член 139 од Статутот ќе треба да изостане, а одредбата од член 166 став 1 точка 8 соодветно да се преработи, заради усогласување со член 110 став 1 точка 8 од Законот за високото образование*, согласно кој наставно-научниот совет на факултетот врши избор во наставно-научни звања доцент, вонреден професор и редовен професор, во наставно-стручни звања лектор и виш лектор, во научни звања, во соработнички звања и демонстратори. Исто така, во член 166 став 7 од Статутот, ќе треба да изостанат зборовите „и соработниците“, ова заради усогласување со член 110 став 3 од Законот за високото образование*.

44.Во член 150 став 3 од Статутот ќе треба да изостанат зборовите „органите на“.

45.Во членот 156 во ставот 1 да изостанат зборовите „и можат да одлучуваат ако е тоа утврдено со одлука на ректорската управа која ги утврдува надлежностите на Комисијата“, од причини што овие стручни тела и комисии, согласно Законот за високото образование, немаат право на одлучување.

46.Одредбата од член 158 став 1 од Статутот ќе треба да се дополни во смисла кој ги формира работните тела на Универзитетот.

47.Во членот 165 ставот 4 да изостане бидејќи е во спротивност со ставот 3 на член 109 од Законот за високото образование. Во ставот 6 да се избрише зборот „најмалку" од причини што во Статутот треба да се утврди точниот број на претставници на студентите но наставно-научниот совет (член 109 став 6 од Законот за високото образование). Ставот 7 да се инкорпорира во членот 166 од Статутот.

48.Во членот 166 во ставот 2 точката 8 да се усогласи со членот 110 став 8 од Законот за високото образование. Точката 15 да се избрише. Ставот 6 на членот 166 од Статутот е во колизија со членот 110 став 1 точка 8 од Законот за високото образование.

49.Одредбите од член 169 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 113 од Законот за високото образование*, согласно кој, научните институти акредитирани за вршење на високообразовна дејност, основаат Научен совет за студиите од втор и трет циклус, кој го сочинуваат лицата избрани во научни звања кои учествуваат во изведувањето на наставата.

50.Одредбата од член 171 точка 7 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 114 став 4 точка 7 од Законот за високото образование*, согласно кој, „деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција распишува конкурс за избор на лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања". Во точката 8 зборовите „предлага промовирење" да се замени со зборот „промовира", а во точката 9 зборовите „се грижи" да се замени со зборот „управува", како што е уредено во членот 114 став 4 од Законот за високото образование.

51.Членот 174 да изостане од причини што претставува материја која не е уредена со Законот за високото образование и Законот не упатува истото да се уреди со Статут.

52.Во членот 176 ставот 4 да изостане од причини што само со закон може да се ограничи ова право.

53.Членот 180 од Статутот да се усогласи со член 114 став 5 од Законот за високото образование, во насока дека надлежност за разрешување на декан е на Наставно-научниот совет на единицата.

54.Членот 195 став 1 од Статутот да се усогласи со членот 149 став 7 од Законот за високото образование.

55.Членот 196 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 150 став 2 од Законот за високото образование*, согласно кој, со општ акт кој го донесува Сенатот на Универзитетот се утврдуваат условите за упис на прв, втор и трет циклус академски студии за лицето кое не завршило еднакво образование во странство.

56.Член 197 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 152 став 1 од Законот за високото образование*, согласно кој студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен или на три семестри, со можност наставата да се остварува во циклуси, поради што ќе треба и да изостанат зборовите „доколку со закон поинаку не е утврдено".

57.Во член 199 став 3 од Статутот ќе треба да се наведе од кои одредби е исклучокот.

58.Во член 200 став 4 од Статутот ќе треба да се допрецизира кој и како во рамките на Универзитетот одлучува кои наставни програми за средно образование се соодветни за упис на одделни академски или стручни студии. Оваа забелешка соодветно се однесува и на член 201 став 4, член 213 став 4, член 215, член 236 став 1, член 243 став 9 од Статутот.

59.Членот 201 од Статутот да се усогласи со членот 135 од Законот за високото образование.

60.Во одредбите на член 208 став 1, член 224, член 253 став 4 и други од Статутот, ќе треба да се прецизира на кои светски јазици се мисли.

61.Членот 213 од Статутот да се усогласи со членот 136 од Законот за високото образование.

62.Во член 217 став 2 од Статутот ќе треба да се прецизира што е тоа друго што содржи пријавата на темата за изработка на докторската дисертација, во спротивно алинејата 11 ќе треба да изостане.

63.Во одделни членови од Статутот (како на пример: членови 221 став 3, 237 став 2, 271 став 2, 305 ставови 2 и 3, 310 став 3, и др.), ќе треба да се изврши точно повикување на одредбите од истиот.

64.Членот 226 од Статутот уредува материја која не е уредена со Законот за високото образование и кој Закон не упатува ова прашање да се уреди со Статут на високообразовната установа.

65.Член 228 став 2 од Статутот ќе треба да се преоцени со оглед дека Законот за високото образование* не предвидува Комисијата за оцена на дисертацијата/докторскиот труд. Ова соодветно се однесува и на член 243 ставови 16 и 17 од Статутот.

66.Во член 244 од Статутот ќе треба да се наведе целосниот назив на Националниот совет за високо образование.

67.Членот 245 од Статутот да се усогласи со членот 139 од Законот за високото образование.

68.Во член 247 во ставот 12 зборовите „овој закон“ да се заменат со зборовите „Законот за високото образование“.

69.Одредбата од член 249 став 4 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 141 став 4 од Законот за високото образование*, според кој формите за стручно, односно професионално усовршување и другите услови за нивното организирање, како и правата и обврските на лицата кои ги посетувале се уредуваат со општ акт на универзитетите и нивните единици, согласно со Статутот на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа.

70.Член 252 од Статутот наместо да ја презема содржината на член 147 од Законот за високото образование*, ќе треба да се преработи во смисла дека на Универзитетот се

организираат студиски програми за стекнување знаење на сите циклуси на студии за регулирани професии, согласно закон.

71.Одредбите од член 253 од Статутот, особено ставовите 2, 3, 4 и 7, ќе треба да се преработат за да се избегна нивната законска конотација, односно да се уредат прашањата за јазиците на кои се изведува наставата на Универзитетот во Тетово. При тоа, од ставовите 2 и 7 ќе треба да изостанат одредбите кои се однесуваат на финансирањето.

72.Имајќи предвид дека согласно член 27 став 4 од Законот за високото образование*, студентите на сите степени на високо образование кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шест годишна возраст и хоспитализираните имаат право на посебни погодности утврдени со Статутот на високообразовната установа, насловот пред член 254 и одредбите од член 254 од Статутот ќе треба соодветно да се преработат, при што ќе треба да се прецизира за кој општ акт на Универзитетот, споменат во ставовите 2 и 3, се работи и кој го донесува истиот.

73.Во членот 257 од Статутот, ставот 4 ќе треба да изостане од причина што истото е уредено и допрецизирано во ставот 8 на истиот член. Оттука, во член 258 ставот 2 ќе треба да изостане.

74.По однос на член 259 став 6 и член 261 став 1 од Статутот, а заради усогласување со член 154 став 3 од Законот за високото образование*, согласно кој, проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начин определен од предметниот наставник, а кој начин се вградува во студиската програма и се спроведуваат во роковите утврдени со Статутот на високообразовната установа, предметниот Статут ќе треба да се дополни во смисла на утврдување на роковите за спроведување на проверката на знаењето.

75.Во член 263 став 2 од Статутот ќе треба да се упати на член 240 од истиот, со оглед дека во него е уреден начинот на промоцијата на лицата кои се здобиле со научен степен доктор на науки.

76.Во член 275 став 2 од Статутот ќе треба да се прецизира каде се утврдени критериумите на истражувачката и на стручната работа на Универзитетот.

77.Одредбата од член 294 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласи со одредбата од член 176 став 1 од Законот за високото образование*, согласно кој, најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање, деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа распишува конкурс за избор во сите наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања, за избор во соработничко звање асистент, односно за избор на уметнички или стручен соработник, по однос на тоа кој го распишува конкурсот за избор во звања. Ова ќе има одраз и врз одредбата од член 295 став 3 од Статутот.

78.Членот 279 од Статутот да се усогласи со членот 160 од Законот за високото образование.

79.Членот 297 од Статутот да се дополни со зборовите „Закон за вработените во јавниот сектор“.

80.Во член 299 став 2 од Статутот зборовите „односно Ректорската управа на Универзитетот“ ќе треба да изостанат заради усогласување со член 179 став 2 од Законот за високото образование*.

81.Во член 300 став 1 од Статутот зборовите „на ректорот на предлог на“ ќе треба да изостанат заради усогласување со член 180 став 1 од Законот за високото образование*.Членот 300 од Статутот да се дополни со условите за покана на визитинг професори согласно член 180 став 2 од Законот за високото образование кој уредува дека начинот, времето и условите под кои се врши дејноста од ставот (1) на овој член се уредуваат со Статутот на Универзитетот.

82.Членот 301 од Статутот да се дополни со условите за изведување настава на афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката согласно член 181 од Законот за високото образование кој уредува дека афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со овој закон за избор во звање како специјалисти и експерти, по покана, можат да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет, во обем и според условите определени со Статутот на високообразовната установа.

83.Во член 302 став 1 од Статутот зборовите „и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, и научни звања на Универзитетот“ ќе треба да изостанат заради усогласување со член 182 став 1 од Законот за високото образование*. Ставот 3 на член 302 ќе треба да изостане.

84.Одредбите од член 305 од Статутот ќе треба да се дополнат во смисла кој ги формира комисиите наведени во ставот 2, нивниот број и состав на членовите, како и број и состав на членовите на рецензентската комисија од ставот 4, постапката за доделување на звањето почесен доктор на науки со конкретни рокови за постапување. Оваа забелешка соодветно се однесува и на членовите 310 и 313 од Статутот.

85.Одредбите од член 315 ставиви 1, 2 и 3 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 187 став (1) од Законот за високото образование*.

86.Во членот 319 во ставот 2 зборовите „две години“ да се заменат со зборовите „една година“, согласно член 55 став 2 од Законот за високото образование.

87.Членот 320 да се усогласи со член 43 точка 31 од Законот за високото образование.

88.Член 326 ставот 1 да се усогласи со член 110 став 1 точка 17 од Законот за високото образование.

89.Членот 331 од Статутот да се дополни со ставот 3 на членот 125 од Законот за високото образование.

90.Во членот 345 зборовите „позитивно мислење“ да се заменат со зборот „согласност“, согласно член 129 став 3 од Законот за високото образование.

91.Одредбата од членовите 348 и 351 од Статутот, ќе треба да изостанат, со оглед дека вработените на Универзитетот не се опфатени со Законот за вработените во јавниот сектор,

ниту со Законот за административни службеници, за што ќе треба да се има предвид мислењето на Министерството за информатичко општество и администрација.

92.Во членот 362 зборот „државните“ да се замени со зборот „јавните’.

93.Ставот 2 на членот 364 од Статутот да се усогласи со членот 4 на ставот 127 од Законот за високото образование.

94.Во членот 377 од Статутот да се уреди постапката за обновување на статусот на студент, согласно став 3 на членот 29 од Законот за високото образование според кој „Статусот од ставот (1) на овој член може да биде обновен според постапката утврдена со Статутот на високообразовната установа, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување“.

95.Одредбата од член 379 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 32 став (5) од Законот за високото образование*, согласно кој надлежноста, условите за избор, постапката за избор и разрешување и работата на студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители се утврдуваат со акти на Универзитетот, неговите единици и студентското собрание.

96.Во член 386 став 3 од Статутот ќе треба да изостане наведувањето на универзитетското студентско собрание како орган на Универзитетското студентско собрание.

97.Одредбата од член 393 од Статутот ќе треба да се преработи во смисла дека органи на факултетското студентско собрание се претседателот на факултетското студентско собрание и факултетската студентска управа.

98.Во член 408 од Статутот ќе треба да се доуреди кој може да поднесе барање за поведување на дисциплинска постапка.

99.Одредбите од членовите 432, 433 и 434 од Статутот ќе треба да се усогласат со одредбите од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12, 41/14, 21/18 и 83/18).

100.Заради усогласување со член 94 точка 26 од Законот за високото образование*, според кој Сенатот на Универзитетот меѓудругото донесува Правилник за организирање на издавачката дејност и одлучува за издавачката дејност, одредбата од член 436 став 2 од Статутот, ќе треба соодветно да се преработи.

101.Во член 440 став 2 од Статутот, зборот „донесува“ ќе треба да се замени со зборот „утврдува“, со оглед дека се работи за подготвен предлог на општ акт.
102.Низ целиот текст на Статутот каде се наведува македонскиот јазик, ќе треба да се дополни со зборовите „и неговото кирилско писмо“, ова заради усогласување со Уставот на Република Македонија.

103.Член 443 од Статутот ќе треба да се дислоцира со оглед дека истиот не претставува преодна одредба.

104.Членовите од 444 до 456 од Статутот ќе треба да изостанат со оглед дека не се предмет на уредување на истиот, дотолку повеќе што истите прашања на соодветен начин се веќе уредени во членовите од 214 до 227 од Законот за високото образование*.

105.Одредбата од член 458 од Статутот, која ќе треба да се дислоцира пред член 457, ќе треба да се преработи во смисла наместо наведување на пречистениот текст на Статутот на Универзитетот во Тетово, да се наведат основниот текст и сите измени на истиот, чие престанување на важење се предлага.

Освен наведените забелешки, Владата на Република Македонија укажува дека ќе треба да се изврши и правно - техничко подобрување на текстот на Статутот, како и дека Статутот треба да биде потпишан од претседателот на универзитетскиот сенат, а не од ректорот.

## Точка 78

Владата го разгледа Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (I фаза) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), основен акт на високообразовната установа е Статутот.

Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со Статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност.

Според ставот (3) на овој член, на Статутот на Јавниот универзитет и на Јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува Статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.

По однос на текстот на Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следното:

Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе само член 94 став 1 алинеја 1 од Законот за високото образование.

Одредбите од член 5 точки 1 и 4 од Статутот ќе треба да се усогласат со членовите 8 и 10 од Законот за високото образование*.

Заради усогласување со член 7 став (5) од Законот за високото образование*, во кој е уредено што вклучува автономијата на високообразовните установи, содржината на членовите 6 и 7 од Статутот, со кои е уредена неповредливоста на универзитетскиот простор и неприкосновеност на автономијата, ќе треба соодветно да се вгради во членот 5 од Статутот.

Исто така, насловот пред член 7 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 7 став (5) и член 13 од Законот за високото образование*.

Член 9 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 14 став (1) од Законот за високото образование*, во смисла да се доуреди помеѓу кои субјекти се споровите и да се дополни со нов став 3 во смисла да се наведе дека доколку спорот од ставот (1) на овој член не може да се реши на некој од начините предвидени во ставот (1) на овој член, спорот се решава по судски пат (член 14 став (3) од Законот за високото образование*).

Член 102 став (2) од Статутот во поглед на одговорноста на Генералниот секретар треба да се усогласи со член 94 став (1), точка 29 од Законот за високото образование, каде е предвидено дека Генералниот секретар се избира од страна на Сенатот на универзитетот, па според тоа тој одговора за својата работа и пред Сенатот.

Во член 11 од Статутот точката 1 која се однесува на организирање стручна и административна служба ќе треба да изостане, со оглед дека оваа дејност на Универзитетот е утврдена во член 19 точка 21 од Законот за високото образование*.

Член 14 став 2 од Статутот ќе треба да се доуреди во смисла на тоа кои други погодности во текот на студирањето можат да ги добијат студентите од ставот 1 на истиот член, односно каде истите се утврдени.

Одредбите од член 19 од Статутот би требало да изостанат со оглед дека прашањата кои се предмет на уредување во истиот се предмет на уредување на општ акт на Универзитетот, односно општ акт на единицата на Универзитетот, а ова согласно член 28 од Законот за високото образование*.

Одредбите од член 20 став 1 точки 2 и 5 од Статутот ќе треба да се усогласат со одредбите од член 29 став (2) алинеи 2 и 5 од Законот за високото образование*.

Освен тоа, одредбите од ставот 2 на истиот член ќе треба да се усогласат со член 29 став (2) од Законот за високото образование*.

Членовите 37, 38, 39, 40 и 41 од Статутот ќе треба да се преоцени да изостанат како прашања кои се предмет на акт на Универзитетот, ова согласно член 32 став (5) од Законот за високото образование*, а членот 42 од Статутот ќе треба да изостане како прашање кое е предмет на уредување на Законот за високото образование*.

Во член 45 во ставот 5 од Статутот ќе треба да се утврди начинот на избор на органите на Универзитетското студентско собрание и бројот на членови на истото, кои прашања согласно член 36 став 6 од Законот за високото образование* се предмет на уредување на предметниот Статут.

Заради усогласување со член 15 ставови (8), (9), (10), (11), (12) и (13) од Законот за високото образование*, во член 66 ставови 3, 4 и 5 од Статутот ќе треба да се прецизира во кој случај единиците на Универзитетот настапуваат во правниот промет во наведената смисла, односно кога имаат својство на правно лице и кога немаат својство на правно лице.

Со оглед дека согласно член 75 став 2 од Статутот, ликовно - графичкиот приказ на грбот, е составен дел на овој статут, се укажува дека истиот ќе треба да биде даден во прилог на Статутот.

Во членот 83 од Статутот ќе треба да се наведе конкретно врз основа на која Одлука, Универзитетскиот сенат ги востановува посочените признанија.

Во член 88 став 1 и член 94 став 3 од Статутот, зборовите „библиотечна граѓа“ ќе треба да се заменат со зборовите „библиотечен материјал“, ова заради усогласување со Законот за библиотеките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16).

Заради усогласување со член 86 став 1 од Законот за високото образование*, член 92 став 2 од Статутот ќе треба да се доуреди во смисла на тоа кои други работи може да ги врши Центарот за кариера, во спротивно ќе треба да се наведе дека истиот врши и други работи утврдени со Статутот на Универзитетот.

Во член 97 став 2 од Статутот ќе треба да се утврдат условите под кои единицата на Универзитетот може да организира институт, центар, завод, катедра, оддел и други внатрешни организациони единици, кои прашања согласно член 85 став 3 од Законот за високото образование* се предмет на уредување на предметниот Статут.

Член 102 став (2) од Статутот ќе треба да се усогласи со член 94 став (1), точка 29 од Законот за високото образование*, во поглед на одговорноста на Генералниот секретар, каде е предвидено дека Генералниот секретар се избира од страна на Сенатот на Универзитетот, па според тоа тој одговора за својата работа и пред Сенатот.

Член 107 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 93 став 1 од Законот за високото образование*.

Во член 112 од Статутот треба да се прецизира рокот за одржување на конститутивната седница на Сенатот.

Во член 122 став (6) треба да се прецизира кој ќе претседава со седница на Сенат која е свикана од Ректорот.

Во членот 123 да се прецизира кои тела и органи на Универзитетот, освен телата формирани од Сенатот ги разгледуваат материјалите и точките на дневен ред кои се во надлежност на Сенатот. Ако во оваа одредба остане дека материјалите и точките на дневен ред ги разгледуваат и други тела или органи на Универзитетот, да се нагласи дека тие органи и тела, не одлучуваат во однос на истите туку само ги подготвуваат и даваат мислење по однос на истите, кое не е обврзувачко за Сенатот.

Членот 127 и членот 131 од Статутот, во делот на термините каде се користат календарски месеци треба да се корегира, па така наместо со фиксен календарски период да се поврзе

со временски период пред престанок на мандат (пример: шест месеци пред престанок на мандат). Ова од причини што, иако претпоставката е дека мандатот на ректорот почнува со почетокот на учебната година, поради различни околности овие циклуси може да се поместат. Исто така, во членот 127 став 6 да изостанат зборовите „Критериуми за избор".

Во членот 129 став 1 во точките 1. и 2. и во ставот 2 да изостанат зборовите „и донесените критериуми за избор на ректор" односно зборот „критериумите", со оглед дека критериумите се утврдени во Законот за високото образование.

Во членот 133 во ставот 2 по зборот „општите" да се додаде зборот „и посебните".

Во членот 134 да се преоценат ставовите 3 и 4 од Статутот, од причини што правата и обврските на вработени кои се на боледување подолго од шест месеци или на породилно отсуство, односно на платено отсуство, ги имаат сите права и обврски (согласно Законот за работните односи) како и останатите лица кои се во работен однос. Ова право може да се ограничи само со Закон, не и со Статут.

Членот 140 став (2) од Статутот треба да се уреди во смисла, лицето избрано како вршител на должност ректор да е од редот на редовните професори. Исто така, членот 140 од Статутот да се усогласи со членот 100 ставовите 2, 3 и 4 од Законот за високото образование, односно кога се назначува вршител на должноста ректор.

Во членот 142 ставовите 2, 3 и 4 да се усогласат со член 99 од Законот за високото образование, кој упатува дека ако Сенатот не го прифати извештајот од ректорот, се поведува постапка за разрешување на ректорот на универзитетот.

Во членот 153 во ставот 7 зборот „Сенатот" да се замени со зборот „ректорот".

Согласно член 102 став (1) од Законот за високото образование*, ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на високите стручни школи, директорите на акредитираните научни установи и претставници на студентите, а согласно ставот (3) на овој член, организацијата и начинот на работата на ректорската управа, како и бројот на претставниците на студентите, поблиску се утврдуваат со Статутот на универзитетот.

Имајќи ги предвид посочените законски одредби, Владата укажува дека одредбите од член 161 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласат со истите во однос на тоа кој ја сочинува ректорската управа.

Во член 162 точка 8 од Статутот ќе треба да изостанат зборовите „и актите на Универзитетот или за кои ќе биде овластена од ректорот", ова заради усогласување со член 103 точка 8 од Законот за високото образование*.

Членот 174 став 1 точки 2 и 7 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 105 став (1) од Законот за високото образование*.

Освен тоа, ставот 3 на истиот член ќе треба да се доуреди во смисла на тоа кои други работи од значење за Универзитетот и за единиците може да ги врши Универзитетскиот совет, односно каде истите се утврдени.

Во член 185 став 4 од Статутот ќе треба да се утврди бројот на претставници на студентите, кои прашања согласно член 109 став 6 од Законот за високото образование* се предмет на уредување и на Статутот на Универзитетот.

Во членот 187 да се дополни дека деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за време од три години, со право на уште еден избор (член 115 став 1 од Законот за високото образование).

Во членот 190 ставот 5 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 115 став 4 од Законот за високото образование*.

Во членот 210 став (1), точка 3 ќе треба да изостане, со оглед на тоа што согласно член 123 став (5) од Законот за високото образование, тековните трошоци (комунални трошоци, одржување, опрема и потрошен материјал за реализација на студиските програми и за работењето на високообразовната установа) на јавните високообразовни установи во целост се надоместуваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 224 став 1 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 149 став 2 точка 8 од Законот за високото образование*, во смисла да се доуреди дека Конкурсот за запишување на студии, меѓудругото, ја содржи и висината на партиципацијата или школарината, доколку студентот е должен да ја плати.
Освен тоа, ставот 2 на истиот член ќе треба да се усогласи со член 103 точка 7 од Законот за високото образование*, во смисла на тоа кој ја утврдува висината на партиципацијата или школарината на студентите.

Член 232 став 5 од Статутот ќе треба да се усогласи со член 142 став 4 од Законот за високото образование*, како и да се дополни со одредби во кој случај и под кои услови лицето кое се стекнало со стручно знаење и со кредити може да ги продолжи студиите.
Член 241 став (2) треба да се усогласи со член 155 став 9 од Законот за високото образование каде се уредува дека, дипломата и додатокот на дипломата за припадниците на заедницата која зборува службен јазик различен од македонскиот јазик, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, а кои наставата ја следат на службен јазик различен од македонскиот јазик, се издава на македонски јазик и кирилско писмо и на јазикот и писмото на таа заедница, ако така е утврдено со Статутот на универзитетот.

Во член 254 од Статутот ќе треба да се наведе со што ќе се утврдат условите, начинот и постапката за учество во проекти и нивната реализација, во соработка со установи, институции и други субјекти, менаџирањето на проекти и други прашања од доменот на меѓународната соработка, наместо да се упатува дека истите се регулираат според однапред дефинирана процедура.

Член 262 став 5 од Статутот ќе треба да се утврди начинот и обемот во кој соработниците учествуваат во наставно - образовниот процес, кои прашања согласно член 162 став 5 од Законот за високото образование* се предмет на уредување и на Статутот на Универзитетот.

Во член 269 став 4 од Статутот ќе треба да се утврдат условите под кои визитинг наставници можат да извршуваат високообразовна и научно - истражувачка, односно уметничка

дејност, кои прашања согласно член 180 став 2 од Законот за високото образование* се предмет на уредување на предметниот Статут.

Во членот 275 став (4) предвидува надлежност на Ректорската управа, која не е регулирано во Законот за високото образование и не е дополнително предвидено во Статутот на универзитетот. Согласно тоа, а со оглед дека во член 103 став 1 точка 8 од Законот за високото образование се дава овластување за дополнително регулирање на надлежностите на Ректорската управа од страна на универзитетот, истата надлежност треба да се предвиди во член 162 од Статутот. Дополнително во член 275 став (4) зборовите: „која утврдува предлог-одлука“ да се заменат со зборовите: „која дава мислење“.

Во член 280 став 11 од Статутот ќе треба да се утврдат поблиските одредби за доделување звање професор емеритус и за неговите права, кои прашања согласно член 185 став 4 од Законот за високото образование* се предмет на уредување на предметниот Статут.
Во член 281 од Статутот ќе треба да се утврдат условите за користење на правата на платено, односно неплатено отсуство, кои прашања согласно член 186 став (3) од Законот за високото образование* се предмет на уредување на предметниот Статут.

Одредбите од член 282 од Статутот ќе треба да се усогласат со член 187 став (2) од Законот за високото образование*.

Одредбите од членовите 283 став 2, 287 и 288 од Статутот ќе треба да се усогласат со одредбите од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12, 41/14, 21/18 и 83/18).

Освен тоа, во ставот 3 на член 288 од Статутот ќе треба да се наведе кој ќе го донесе посебниот акт со кој се утврдува деловната тајна, како и согласно кој Закон.

Член 295 од Статутот ќе треба да се дислоцира со оглед дека истиот не претставува преодна одредба.

Член 298 став (3) од Статутот е спротивен на член 221 став (1) и став (2) од Законот за високото образование, а во врска со членовите 94 став (1) точка 34 и со член 96 од Законот за високото образование.

Во однос на Глава „XXIII. Преодни и завршни одредби“ од Статутот, се укажува на следното: Согласно член 226 од Законот за високото образование со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/2014, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/2016), освен оние одредби коишто, согласно овој закон, се применуваат и по влегувањето во сила на овој закон, а до истекот на роковите предвидени со овој закон.

Согласно член 227, до донесување на подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се применуваат постојните подзаконски акти донесени според Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), при што одредбите коишто се во спротивност со одредбите на овој закон, нема да се применуваат.

Имајќи ги во предвид посочените одредби, Владата на Република Македонија укажува на потребата дел од преодните одредби, односно одредбите од членовите 297, 298, 299, 300, 301, 302, 303, 304, 305, 306, 307, 308 и 309 да изостанат, дотолку повеќе што истото е веќе уредено со членовите 217, 218, 219, 220, 221, 222, 224 и 225 од Законот за високото образование*.

Член 298 и член 307 од Статутот ќе треба да изостанат со оглед дека не се предмет на уредување на истиот, дотолку повеќе што истите прашања на соодветен начин се веќе уредени во член 221 од Законот за високото образование*.

Освен наведените забелешки, Владата на Република Македонија укажува дека ќе треба да се изврши и правно - техничко подобрување на текстот на Статутот.

Освен наведените забелешки, Владата на Република Македонија укажува дека Статутот треба да биде потпишан од претседателот на универзитетскиот сенат, а не од ректорот.

## Точка 79

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Тони Цветковски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.76/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 40 и член 41 став 1 во делот на зборовите „од член 40“ од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 226/15 и 97/17) и притоа го утврди следното мислење

Со Иницијативата се оспоруваат членот 40 и член 41, ставот (1) во делот на зборовите „од член 40” од Кривичниот законик. Како што наведува подносителот на Иницијативата „е предвидено ублажување на казната или примена на поблаг вид на казна, единствено да има во случај кога сторителот ќе ја признае вината. Ова нешто е во колизија со начелото на индивидуализација на казната, чија суштина е да се приспособи видот и висината на казната спрема личноста на сторителот.“ Како што наведува подносителот, „При ваква состојба на работите во кривичната постапка, осомничениот, односно обвинетиот, е доведен во таква ситуација да негов единствен избор е да даде изјава за признавање на вина, при што на истиот фактички му е ускратено правото да во една законита постапка ја докажува својата невиност, а и да придонесе за утврдување на материјалната вистина во конкретниот кривично - правен настан кој му се става на товар, без притоа да ризикува дека казната може да не му биде ублажена под законскиот пропишан минимум или да му биде изречена поблаг вид казна, иако за тоа постојат повеќе олеснителни околности што влијаат да му биде изречена поблаг вид на кривична санкција.“

Во членот 9 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека „Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.”

Согласно член 39 од Кривичниот законик, судот ќе му одмери казна на сторителот на кривично дело во границите што се пропишани со закон за тоа дело, имајќи ги предвид кривичната одговорност на сторителот, тежината на делото и целите на казнувањето (став 1). Судот ќе ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или

поголема (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено: степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитното добро, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот (став 2). Кога судот одмерува казна ќе има предвид дали кривичното дело е сторено во повтрат, а особено ќе има предвид дали поранешното дело е од ист вид како и новото дело, дали се работи за продолжено кривично дело и дали постои исклучително висок степен на противправност што во корелација со другите околности под кои е сторено кривичното дело го оправдува изредувањето на построга санкција (став 4). При одмерување на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса или боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор. (став 5).
Во член 40 од Кривичниот законик е уредена материјата за ублажување на казната и во него е пропишано дека:

„Судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон, во рамките предвидени во членот 41 од овој закон или да примени поблаг вид на казна во случај:
1) кога изрекува казна по поднесен предлог на спогодба за признавање на вина склучена меѓу јавниот обвинител и обвинетиот и
2) кога обвинетиот ја признае вината на главната расправа согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка.“
Во членот 41 се пропишани границите на ублажувањето на казната, и тоа:
„(1) Кога постојат услови за ублажување на казната од член 40, судот ќе ја ублажи казната во овие граници ако:
1) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од десет години, казната може да се ублажи до пет години затвор,
2) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од осум години, казната може да се ублажи до четири години затвор,
3) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од пет години, казната може да се ублажи до три години затвор,
4) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од четири години, казната може да се ублажи до две години затвор,
5) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од три години, казната може да се ублажи до една година затвор,
6) за кривичното дело како најмала мера на казна е пропишан затвор во траење од една година, казната може да се ублажи до три месеци затвор,
7) за кривичното дело е пропишана најмала мера на казна затвор под една година, казната може да се ублажи до 30 дена затвор,
8) за кривичното дело е пропишана казна затвор до три години со назначување на најмалата мера, наместо казна затвор може да се изрече парична казна и
9) за кривичното дело е пропишана парична казна со назначување на најмалата мера, казната може да се ублажи до општиот законски минимум.

(2) При одлучувањето во која мера казната ќе ја ублажи според правилата од став 1, судот посебно ќе ја има предвид најмалата и најголемата мера на казна пропишана за кривичното дело.

Во однос на оспорените членови, истакнуваме дека по укинувањето од страна на Уставниот суд на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната и на членот 39 од Кривичниот законик, неминовно се наметна потребата за ревидирање на одредбите за ублажување на казната пропишани во Кривичниот законик. Во таа насока, Министерството за правда изготви Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик во кој, меѓу другото, се опфатени и наведените одредби. Овој предлог во претстојниот период ќе биде доставен до Владата на Република Македонија. Исто така, во однос на оспорените одредби и барањето за нивно укинување, се истакнува дека тие не се спротивни со Уставот на Република Македонија и дека со нивното евентуално укинување нема да се надминат проблемите наведени во Иницијативата, бидејќи во тој случај целосно би се избришала можноста за ублажување на казната.

Во однос на наводите во Иницијативата кои се однесуваат на ублажувањето на казната во контекст на признавањето вина овие одредби се во корелација со новиот концепт за спогодување и признавање вина дефинирани во Законот за кривичната постапка. Овие одредби во својата основа претставуваат англосаксонски институт со долгогодишна традиција во државите со common law. Основна цел на прифаќањето на механизмите за спогодувањето е зголемувањето на ефикасноста на кривичната постапка и редуцирањето на трошоците. Исто така, концептот на спогодување е прифатен во нашето законодавство и врз основа на имплементација не меѓународните документи во оваа сфера, а особено на Препораката П. Бр. (87)18 на Комитетот на министри на Советот на Европа за поедноставување на казнената правда. Со овој документ, се препорачува спогодувањето како инструмент за забрзување на постапувањето, при што се нагласува дека кога постои признание од обвинетиот, правилата на постапката би требало да бидат поедноставени. Во тој контекст, под забрзување на постапката се подразбира не изведување докази поврзани со фактичката состојба со што се зголемува ефикасноста на кривичната постапка.

Имено, институтот ублажување на казната во рамките предвидени во членот 41 од Кривичниот законик, судот може да го примени кога изрекува казна по поднесен предлог на спогодба за признавање на вина склучена меѓу јавниот обвинител и обвинетиот и кога обвинетиот ја признае вината на главната расправа согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка, а исто така судот може да изрече поблага казна во границите на ублажување на казната од член 41 од овој законик и кога согласно со законски пропишаната постапка за спогодување меѓу јавниот обвинител и осомничениот е постигната спогодба за применување на поблага санкција од санкцијата пропишана за кривичното дело со закон.

При ова со член 483 став 1 (со поднаслов „Поднесување на Предлог-спогодбата") од Законот за кривичната постапка, се уредува дека: „до поднесување на обвинение јавниот обвинител и осомничениот можат да поднесат Предлог-спогодба со која бараат од судијата на претходната постапка да примени кривична санкција определена според видот и висината, во законски определените рамки за конкретното кривично дело, но не под границите за ублажување на казната определени со Кривичниот законик", а според членот 490 став 1 од Законот за кривичната постапка, ако судијата на претходна постапка ја прифати Предлог-спогодбата изрекува пресуда со која не смее да изрече кривична санкција различна од кривичната санкција содржана во Предлог-спогодбата.

Од погоре наведените законски одредби, произлегува дека во рамките на спогодувањето меѓу јавниот обвинител и осомничениот и кога обвинетиот ја признае вината на главната расправа, одредувањето на поблага казна се врши според правилата за ублажување на казната определени со членот 41 од Кривичниот законик, односно според посебниот минимум на казната пропишана за казненото дело.

Согласно наведеното произлегува дека законодавецот со Кривичниот законик за секое казнено дело го определил видот на казната и нејзините рамки, како вредносна линија, односно ориентација по која треба да се движи судот во изборот на казната, односно во нашето кривично законодавство е прифатен системот на релативно определени казни кој се состои од комбинација на законско определување на казната (за секое казнено дело Законикот го определил видот на казната и рамките на казната) и судско определување на казната во законски определените рамки, при што законодавецот дал можност (со членовите 40 и 41) судот да може на сторителот да му одмери казна и под пропишаната граница доколку осомничениот, односно обвинетиот ја признае вината. Со предметниот закон и оспорените одредби е утврдена можност судот да ја определи казната, односно да му одмери казна под границата пропишана со закон со што се остава простор (слобода), судот самостојно да изврши избор и одмерување на казна во законски утврдените рамки за секое казнено дело.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Македонија смета дека со оспорениот член 40 и член 41 во делот на зборовите „од член 40“ од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15 и 97/17) не се повредени одредбите од член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 40 и член 41 во делот на зборовите „од член 40“ од Кривичниот законик.

## Точка 80

Владата ја разгледа Иницијативата за измена и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, доставена од Народниот правобранител на Република Македонија и утврди мислење, врз основа на Мислењето на Министерството за информатичко општество и администрација, кое го достави до Народниот правобранител на Република Македонија.

## Точка 81

Владата го разгледа Посебниот извештај за попречување на работата од страна на Министерството за образование и наука доставен од Народниот правобранител на Република Македонија под НП бр.2643/17 од 29.6.2018 година и утврди мислење, врз основа на Мислењето на Министерството за образование и наука, кое го достави до Народниот правобранител на Република Македонија.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената претставка од страна на здруженија на возачи и инструктори, автошколи и учесници во сообраќајот АМС „АР-ДИ“

Скопје, со барање за измена на член 240, став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16 и 11/17) и утврди мислење, врз основа на Мислењето на Министерството за внатрешни работи, кои да се достави до Здружението.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вирѓинија Баута за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.852 за КО Враништа на КП бр.408, викано место Коритниче и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 84**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Златко Пејовски од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба под И.бр.27/09 и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 85**

1. Владата заклучи:

1. Да му препорача на Надзорниот одбор на АД за поштески сообраќај „Македонска пошта“, во државна сопственост-Скопје, да го отповика Фаадис Реџепи од должноста член на Управниот одбор на ова акционерско друштво, а на негово место да го да го избере Ејуп Рустеми.

2. Да му препорача на Надзорниот одбор на АД за поштески сообраќај „Македонска пошта“, во државна сопственост-Скопје Ејуп Рустеми да го избере за генерален директор на АД за поштески сообраќај „Македонска пошта“, во државна сопственост-Скопје.

3. Владата го именува Сашо Тасевски за директор на Бирото за јавна безбедност, орган во состав на Министерството за внатрешни работи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Синиша Радески од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Македонски Брод, на негово барање.

5. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје, ги именува:

- Афродита Георгиевска и
- Маја Рисова.

6. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, на нивно барање, ги разреши:

- Душко Михаиловски и
- Влатко Митев.

7. Владата го разреши Благој Стоименовски од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, на негово барање.

8. Владата ја разреши Гордана Јованоска од должноста членка на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Охрид, на нејзино барање.

9. Владата го разреши Љупчо Димитриевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Ресен, на негово барање.

10. Владата го именува Фехми Стафа за државен правобранител на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го разреши Димитар Гакев од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски.

11.1. Владата го именува Локман Лимани за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, орган во состав на Министерството за транспорт и врски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата се информираше со Известувањето на директорот на Управата за извршување на санкции, согласно добиено Известување од Воспитно поправнио дом Тетово.

13. Владата го одложи од разгледување предлогот за разрешување и именување на членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија - Скопје, поради дополнителни усогласувања.

## Точка 86

1. Во врска со распишаниот референдум од страна на Собранието на Република Македонија, Владата одлучи да спроведе процес на планирана јавна комуникација од јавен интерес - кампања за референдумот, базирана на принципите на објективност, транспарентност и рационалност, односно, поконкретно преку процес на планирана јавна комуникација за референдумот, Владата на Република Македонија ќе ги оствари следните комуникациски цели:
-Прикажување на добивките за граѓаните на Република Македонија од влезот на Македонија во Европската Унија.
-Прикажување на добивките за граѓаните на Република Македонија од влезот на Македонија во НАТО.
-Објаснување пред граѓаните на Република Македонија на конечниот договор за решавање на македонско-грчкиот спор за името и за стратешко партнерство и
-Повикување на граѓаните на Република Македонија на остварување на правото на гласање на референдумот и на преземање одговорност за носење важни одлуки.

Во спроведување на планираната јавна комуникација за референдумот, Владата на Република Македонија ќе ги користи следните комуникациски алатки:
-Комуникација со и преку медиумите - соопштенија за јавноста, брифинзи, изјави, прес конференции, интервјуа и ТВ и радио гостувања;
- Комуникација преку социјалните медиуми - Фејсбук, Инстаграм, Твитер, Фликр и Јутуб, за кои активности Владата ќе реализира средства во износ од 400.000 денари од редовниот

буџет на Генералниот секретаријат на Владата, а останатите комуникациски алатки ќе се реализираат во рамки на редовните владини активности;
-Активности од јавен карактер - теренски посети, неформални средби, состаноци, гостувања и учество на јавни настани.

Во спроведување на процесот на планирана јавна комуникација за референдумот, Владата на Република Македонија ќе работи транспарентно и отчетно, согласно стандарди за јавни комуникации од интерес на јавноста - релевантност, објективност, пропорционалност и рационалност.

2. Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

3. Владата го разгледа Известувањето од Министерството за финансии по Заклучокот донесен на Осумдесет и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 14.8.2018 година, точка 7, а во врска со Информацијата за годишни извештаи за ревизорска активност и годишни ревизорски мислења за 2017 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, го прифати Известувањето и заклучи Заклучокот број 3, кој гласи: „Се задолжува Министерството за финансии да ја информира Владата за функционалноста на Менаџмент информациониот систем за имплементација на ИПА (МИС)“, да се избрише.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за периодот од 13.8.2018 до 19.8.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

5. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за обезбедување на финансиски средства во износ од 80.000.000,00 денари од тековната резерва, како одобрен план на Собранието на Република Македонија, кое е овластен предлагач на референдумот, со цел спроведување на кампања за истиот.
Одлуката условно да се смета за донесена на оваа седница на Владата, доколку Собранието на Република Македонија достави барање за овие финансиски средства

6. Владата се информираше со Информацијата на Министерство за финансии - Царинската управа во врска со реализацијата на заклучоците по Информацијата за воведувањето на заеднички контроли на надлежните органи на Република Македонија и Република Србија на патните гранични премини Табановце - Прешево и Пелинце - Прохор Пчињски.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје, со државна гаранција кон меѓународна кредитна институција за проектот -Набавка на КПГ автобуси, како материјал за информирање, без заклучоците содржани во неа (согласно мислењето на Секретаријатот за законодавство според кое постапката за задолжување со издавање на државна гаранција е законски уредена материја).

**Точка 88**

Владата го разгледа Барањето за поддршка за потпишување на Меморандум за подготовка и реализација на проект - Повеќенаменски комплекс за јавни услуги со модел на јавно приватно партнерство, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита на шумите во Република Македонија, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата ги задолжи одговорните лица во институциите да пристапат кон изготвување на акциски план со точно дефинирани рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на успешност во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 90**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Акцискиот план за вработување млади лица, 2016 - 2020, со дополнувањето кон неа, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на ЈП МЖ - Инфраструктура, за периодот 1.4. - 30.6.2018 година, со табеларен приказ (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со започнување на преговори со банките за рефинансирање на кредитите, со цел подобрување на ликвидноста на друштвото, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, во рок од 30 дена до Владата да достават соодветни измени на:
-Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост;
-Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија и
- Законот за домување.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополнување на Програмата за условите за спогодбено раскинување на Договорот за вработување за вработените од Тутунски комбинат АД Прилеп бр.02-4/12-1 од 21.2.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и трошоците (време/средства) за креирање на заедничка платформа/интерфејс (среден рок), преку која на едно место електронски ќе се врши регистрирање на фирма, регистрирање на ДДВ обврзник и пријавување на работници, притоа користејќи ги постојните софтверски системи на Централниот регистар на Република Македонија, Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување на Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените контроли за квалитетот на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Македонија за прв квартал од 2018 година, со дополнување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Државниот санитарен и здравствен инспекторат да подготви и во рок од еден месец до Владата да достави Акциски план со мерки кои треба да се преземат, со цел заштита на децата од опасностите од небезбедни играчки, вклучително и законски измени по примерот од другите земји.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал во периодот од 1-ви април до 30-ти јуни 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за период 1.1.2018 година до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во реализацијата на мерките за подобрување на управувањето со енергетска ефикасност од Повелбата за одржливост, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите меѓународен аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид заклучно со јуни 2018 година на ТАВ Македонија и измените во пресметаната вредност на амортизација, како материјал за информирање.

## Точка 100

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите за реализација на проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“ за период 2014-2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 101

Владата ја разгледа Информацијата за одредување на статусот на штетници кај растенијата во согласност со меѓународните стандарди, како материјал за информирање.

## Точка 102

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.4.2018 година до 30.6.2018 година, со Табеларен приказ, како материјал за информирање.

## Точка 103

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани работни посети во домашни компании, со Табеларен преглед, како материјал за информирање.

## Точка 104

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување финансиската поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници, со Предлог-програма и Предлог-уредба и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Го донесе новиот текст на Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници за периодот од 2019-2021 година, во предложениот текст.

2.Го донесе новиот текст на Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка, во предложениот текст.

3.Се задолжува Министерството за транспорт и врски да отпочне постапка за доделување на финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Македонија на домашни и странски превозници, наредниот ден од денот на влегувањето во сила на Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка.

## Точка 105

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Спогодба за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, со Табеларен преглед и текст на Спогодба, ја усвои Информацијата и го овласти министерот за здравство да потпише Спогодба за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и

исплата на платите во здравствената дејност, што ќе се применува почнувајќи од платата што ќе се исплати за септември 2018 година.

**Точка 106**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 107**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тркање, Општина Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тркање, Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 109**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ - Скопје, во предложениот текст

**Точка 110**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за користење на средства за изградба на Спомен-обележје на Тодор Проески во Крушево за 2018 година и ја донесе Програмата со заклучок во членот 2, ставот 2 да се избрише и истиот да се вгради во Образложението на Програмата.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |